МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВО
СТУДИСКА ПРОГРАМА: МЕНАЏМЕНТ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

УЛОГАТА НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕКОВИ РЕСУРСИ ВО ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА

СТУДЕНТ: КАТЕРИНА КОСТОВСКА
БРОЈ НА ИНДЕКС: 151018
МЕНТОР: ПРОФ. ДОЦ. Д-Р ГАБРИЕЛА КРСТЕВСКА

Битола, 2021

АПСТРАКТ

Државата како социјален институт има голем број карактеристики и функции што ја разликуваат од другите институции. Меѓутоа, таа не може самостојно да ги исполни своите обврски и затоа ги спроведува со доделување моќ и слободи на одредени граѓани, односно преку државните службеници. Соодветно, државните службеници извршуваат одредени должности во согласност со занимањето на позиција во јавната служба. Како и секој друг персонал, така и овој персонал подлежи на систем за управување со човечки реурси, кој се перцепира како еден од механизмите за спроведување на политиката за човечки ресурси на управувачкото тело. Овој систем е исто така збир на организациски, социо-економски и други активности кои имаат правна и регулаторна рамка на активности, овозможувајќи рационално користење на вештините на вработените и во негов интерес и во интерес на организацијата. Оваа работа е посветена на управување со човечките ресурси во јавната администрација, со посебен осврт кон центрите за социјална работа. Интересот за темата е оправдан со спецификите на управувањето со персоналот во овој сектор, кој е претставен како сложен, на мулти-ниво и во исто време креативен процес во кој се присутни организациски, социо-психолошки, правни, економски, морални и други фактори. Покрај тоа, специфичноста на јавниот сектор одредува голем број барања за вработениот во јавната администрација, кои вклучуваат првенствено неутралност, непристрасност, строга дисциплина и почитување на законот. Во исто време, активноста на вработениот во јавната администрација се одвива во рамките на законските прописи, што во голема мера ги предодредува карактеристиките на управувањето со персоналот во јавниот сектор.

Клучни зборови: менаџмент, човечки ресурси, јавна администрација, центар за социјална работа, социјална заштита.

СОДРЖИНА

АПСТРАКТ **2**

ВОВЕД **4**

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ **7**

1 УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ **7**

1.1 Поим и дефинирање на менаџментот **7**

1.2 Поим за човечки ресурси **10**

1.3 Фази на развој на управувањето со човечки ресурси **13**

1.4 Дефинирање на менаџментот на човечки ресурси **15**

1.5 Цели на менаџментот на човечки ресурси **17**

1.6 Значење на менаџментот на човечки ресурси **19**

1.7 Улоги на менаџментот на човечки ресурси **21**

1.8 Процеси при менаџирањето со човечките ресурси во организацијата .. **21**

1.8.1 Планирање на човечките ресурси во организацијата 21

1.8.2 Регрутирање на човечките ресурси 25

1.8.3 Селекција на човечките ресурси 28

1.8.4 Обука на човечките ресурси 32

1.8.5 Развој и управување со кариера 35

1.8.6 Мотивација 37

1.9 Специфичности на управувањето со човечките ресурси во социјалната работа **43**

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО **52**

2 ВОВЕД ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО **52**

2.1 Проблем на истражување **52**

2.2 Појава на истражувањето **55**

2.3 Цел на истражувањето **55**

2.4 Динамика и примерок на истражувањето 56

2.5 Методи, техники и инструменти на истражувањето 57

2.6 Задачи на истражувањето 58

2.7 Хипотетска рамка 58

III. АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И ДИСКУСИЈА 62

3 Квантитативна анализа 62

3.1 Квалитативна анализа и доказ на хипотезите 97

ЗАКЛУЧОК 113

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 114

ПРИЛОЗИ 120

ЛИСТА НА СЛИКИ

Слика 1: Специфични цели на менаџментот на човечки ресурси 19
Слика 2: Шематски приказ на планирање на човечките ресуси 24
Слика 3: Број на вработени во ЦСР по служби во Скопје и Македонија 44

ЛИСТА НА ПРИЛОЗИ

Прилог 1: Анкетен прашалник ..... A
Прилог 2: Табеларен приказ на добиените резултати ..... F
Прилог 3: Пресметка на варијабли ..... H

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

МЧР – Менаџмент на човечки ресурси

МТСП - Министерството за труд и социјална политика

ЧР - Човечки ресурси

ЦСР – Центар за социјална работа

ВОВЕД

Човечките ресурси денес претставуваат најзначаен капитал на секоја институција и организација, па според тоа улогата на менаџментот на човечки ресурси добива се поголема важност и како научна дисциплина, и како управувачка функција во сите институции и организации, како во јавниот, така и во приватниот сектор. Со адекватното и професионално управување на човечките ресурси институцијата ќе создаде многу подобри услови со кои многу полесно ќе дојде до остварување на своите зацртани цели и задачи.

Управувањето со човечките ресурси во јавната администрација претставува еден од клучните фактори за успешно работење на административните и јавни установи. Основната улога и цел на менаџментот на човечки ресурси во јавната администрација е да креира ефикасни институции преку своите професионални, квалификувани, лојални и мотивирани човечки ресурси, односно вработени. Поради тоа потребно е да се развиваат стандардите за развој и управување со човечките ресурси во јавната администрација со цел да се зголеми и подобри ефикасноста, како и ефективноста и квалитетот во извршување на работните задачи на вработените. Но, за да се зајакнат капацитетите и да се подобри ефикасноста на институциите, управувањето со човечки ресурси во јавната администрација треба да обезбеди професионален, стручен развој, и одржување на човечките ресурси преку функциите и практиките на менаџментот на човечки ресурси.

Човечките ресурси се незаменлив дел од секоја организација, вклучувајќи ги и центрите за социјална работа. Улогата на човечкиот капитал во моментов е нагласена. Вработениот не се гледа само од перспектива на процесите на управување, туку се бараат можности да се искористи неговиот потенцијал и придобивките што може да ги има за целата организација во иднина. Иако во социјалната сфера суштината на спроведување на кадровски активности обично не се разликува значително од вообичаените оперативни, како што се производствените компании, сепак се обидов да пронајдам некои специфики. Во реална пракса, организациите можат да се разликуваат повеќе или помалку во ефикасноста со која планираат и управуваат со придонесот на своите вработени. Овој процес започнува со добро извршена анализа на работата и процес кој вклучува регрутирање и

селекција на вработени. Нивната последователна адаптација кон работната средина и мотивацијата за работа со луѓе е секако важна. Подеднакво важни во кариерата на вработениот се некои аспекти што произлегуваат од мотивацијата, евалуацијата и наградувањето. Особено во професијата социјален работник, улогата на наградување во моментов е една од најдискутираните области. Во споредба со другите професии, финансиската евалуација на работните перформанси кај нас заостанува зад националниот просек, што не придонесува за престижот или важноста на професијата што ја заслужува.

Најголем дел од социјалната работа ја вршат непрофитни организации, што влијае врз нејзината структура за вработување во смисла на модификација кон ставовите и вредностите ориентирани кон помагање на другите. Работата овде се перцепира првенствено како услуга, на која многу значајно влијае има личноста со доминација на внатрешни (интристички) мотиви и типолошки склони кон таканаречената социјална кариера. Во секојдневната работа на персоналот, овој факт треба да го сфатат не само човечките ресурси, туку особено менаџерите на сите нивоа на менаџмент, кои ја имаат главната одговорност за човечките ресурси. Професионализмот изразен со збирот на потребното знаење и рутински докажаното искуство се уште не е доволен за оваа професија. Секогаш е неопходно да се земат предвид другите атрибути како што се способноста за сочувство или човечката почит и понизност, што дури и најдобрата обука нема и неможе да ги научи, освен ако луѓето немаат однапред таква карактеристика на личноста и етичко однесување, како основен предуслов за нивниот последователен развој. Во прилог на акцентот на човечкиот пристап кон корисниците на социјални услуги, можеме да очекуваме акцент на стручното образование, кое ќе се базира на минималните стандарди на професијата. Стандардите се фокусираат на процедурите и примената на методи што водат кон добри перформанси на работата. Дополнителното образование, како и во многу други области, има за цел концептот на доживотно учење. Причината се главно новите барања што произлегуваат од промените на пазарот на трудот, зголемување на конкурентноста итн., што доведува до зголемување на барањата за флексибилност на работниците, т.е. способноста постојано да се прилагодува на новите барања. Од гледна точка на управување со човечки ресурси, можеме да очекуваме зголемена фреквенција на активности поврзани главно со креирање на развојни планови и планови за кариера, со кои ќе се носат сите супериорни

вработени кои ќе работат во областа на социјалната работа во наредните години и ќе маат директна одговорност. Затоа, ќе биде важно до кој степен тие ќе можат да ги усогласат своите намери со идеите и мотивите на сегашните и идните вработени во областа на социјалната работа.

Круцијален дел од јавната администрација е Министерството за труд и социјална политика земајќи го фактот дека нашата држава според Устав е социјална држава. Според оваа определба формиран е систем за социјална заштита со кој се регулираат активностите и политиките за спречување и надминување на социјалните ризици за граѓаните, за намалување на сиромаштијата како и социјалната исклученост. МТСП е централна институција која врши управување, креирање на политика и планирање во сферата на Социјалната заштита. Заводот за социјални дејности е установа која ги проучува социјалните појави и проблеми и има за цел да ја унапреди Социјалната заштита. Центрите за социјална работа се установи кои имаат огромна улога во извршувањето на работните задачи од областа на Социјалната заштита. Активности во делокругот на работа на Центрите за социјална работа се: обезбедување услуги на социјално загрозени и популацијата која е под ризик од социјална загрозеност, администрирање на социјалните парични права како и вршење на низа активности насочени кон социјалната заштита на граѓаните. Клучна улога во спроведувањето на активностите на Министерството за труд и социјална политика имаат Центрите за социјална работа. Согласно законската регулатива, Центарот за социјална работа функционира како стручна установа со јавни овластувања заради вршење на работи од социјалната заштита.

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

1 УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

1.1 Поим и дефинирање на менаџментот

Мошне испреплетената состојба на денешниов свет, во голема мера, му се препишува на успешниот менаџмент. Во тој контекст, менаџментот е инкорпориран во секој сегмент на модерните корпорации, било тоа да се од приватниот или јавниот сектор. Оттаму, се наметнува потребата од големата потрага по компетентни личности, заради претставување на најзначајниот клуч на успехот. Значењето на менаџментот се рефлектира и во перманентниот пораст на менаџерските работни места. Оние личности што докажале дека ја имаат неопходната способност за да бидат успешни менаџери, добро се покажале во однос на своите квалификации.[1] Во рамките на деловните претпријатија каде што работењето не може да се замисли без активностите на менаџментот, истиот се смета за своевидна технологија која што овозможува ефикасност и ефективност во фирмите.[2]

Менаџментот има огромно влијание и наоѓа примена во сите фази на модерната организација: производните менаџери управуваат со производните активности во зависност од видот на производството во дотичното претпријатие, маркетинг менаџерите водат перманентна грижа за целокупните маркетинг активности, персоналните менаџери ја обезбедуваат компанијата со стручна и продуктивна работна сила итн.

Како што истакнав претходно, менаџментот е универзална активност која се применува и се наоѓа во сите видови организациони системи (влади, министерства, општини, универзитети, комунални претпријатија, аеродроми, трговски претпријатија, болници, компании, општествени организации, политички партии и друго) и е присутен во сите функции и хиерархиски нивоа на тие системи. Според тоа, може да се апострофира дека менаџментот е динамичен процес, бидејќи му дава живот на секој аспект на деловните активности.

[1] Фалмер, М., Р., (1994), Новиот Менаџмент, Институт Отворено Општество Македонија, Скопје.
[2] Мојсоски, В., (2001), Основи на менаџментот, Факултет за туризам и угостителство“ - Охрид, Охрид.

Етимолошки, самиот поим **менаџмент** потекнува од англискиот збор *„to manage“* што значи 1) управува 2) раководи, надгледува 3) знаење да се ракува со инструменти, 4) спроведување на дело, 5) се снаоѓа, излегува на крај, 6) да се потпира. Во македонскиот јазик менаџментот најчесто се преведува како управување (менаџерска работа). Различно детерминираната содржина, принципи и функции придонесуваат за различни пристапи кај авторите кои се занимаваат со проучување на менаџментот и е дефиниран на различни начини.[3]

Во менаџмент теоријата постојат повеќе стојалишта:

1. Доста е популарно стојалиштето според кое менаџментот е процес, серија на чекори или насочување на акциите во правец на остварување на дефинираната цел.
2. Во литературата се среќава и мислењето според кое менаџментот има организациона улога, поставување обврски, одговорности и односи во претпријатијата. Во тој контекст, за илустрирање на оваа констатација ќе послужат следниве дефиниции: менаџментот има улога на поставување обврски, одговорности и односи во едно претпријатие, или пак, менаџментот се дефинира како општествен процес на пренесување на одговорностите за корисно планирање и регулирање на операциите во некое претпијатие, на остварување на формулираните цели, како и одговорност која вклучува: а) расудување и одлучување за плановите, употреба на податоци за контрола на извршувањето и унапредување на напорот; б) водење, поврзување, мотивирање и контрола на кадрите во претпријатието и спроведување на активностите.
3. Во литературата се среќава и стојалиштето според кое менаџментот содржи давање на работите да бидат извршувани од други.
4. Менаџментот се дефинира и од аспект на ситуацијата во која се применува. Всушност, станува збор за ситуациониот менаџмент кој се однесува на односите меѓу важни варијабли во окружувањето и адекватен менаџмент концепт и техники кои водат кон ефикасно остварување на целите.
5. Постои исто така, дефинирање на менаџментот од стратегиски аспект, како начин за определување на долгорочното приспособување на претпријатието

[3] Шуклев, Б., (1998), Менаџмент, Економски факултет - Скопје, второ издание, Скопје.

на опкружувањето. Во таа конотација, тој се дефинира како процес на идентификација, избирање и извршување на најпрофитабилен начин, остварување на долгорочна компатибилност меѓу внатрешните искуства и ресурси на една организација и конкурентското, економското и општественото окружување во кое организацијата работи.[4]

6. Присутни се мислења дека менаџментот е дисциплина која ги систематизира правилата, принципите и теориите. На база на тоа, менаџментот се препознава како посебна дисциплина која ги остварува поставените цели со потенцирање на најефикасно искористување на човечкиот напор и со помош на ресурсите.
7. Менаџментот се дефинира како интердисциплинарна наука која го подига сопственото научно ниво. Менаџментот е примена на интердисциплинарна системска наука, која ги анализира проблемите, одлучување и примена на решенијата во организацијата.
8. Постои дефинирање на менаџментот како процес на извршување посебни функции. Во тој контекст, менаџментот е посебен процес на планирање, организирање, поттикнување и контролирање, извршувани за остварување на поставените цели, со помош на човекот и другите ресурси.
9. Во претпријатието менаџментот се дефинира и од аспект на искористување на ресурсите. Според тоа, менаџментот е активност на алокација и искористување на ресурсите за остварување на целите на организацијата. Исто така, менаџментот се дефинира и како искористување на физичките и човечките ресурси со координиран напор, а тоа остварување е со извршување на функциите планирање, организирање, кадри, насочување и координирање.
10. Менаџментот се дефинира и од аспект на одлучувањето. Па така, менаџментот е перманентен процес на донесување одлуки, извршување и ревизија.
11. Исто така, присутни се мислења дека менаџментот е практична примена на знаењата и искуствата што ги имаат менаџерите. Менаџерот е личност која се обидува да ги оствари поставените цели со насочување на човечките активности во производството на производи и услуги. Менаџерот ги

[4] Viljoen, J., (1991), Strategic management: How to analise, choose and implement corporate strategies, Longman professional, Melbourne.

употребува средствата на најефикасен начин. Начинот на извршување на функциите кои ја прават неговата работа е опишан како менаџмент.

12. Менаџментот се дефинира и како систематизирано знаење за ефикасно управување со акциите на претпријатието во насока на остварување на дефинираните цели. Оттаму, менџментот е збир на систематизирано знаење, базирано на општи принципи кои се верификуваат во деловната практика или пак менаџментот е збир на знаења за управување. Управувањето е процес на планирање, организирање, насочување, координација и контролирање на луѓето, методите, машините и парите за да се обезбеди оптимално остварување на целите. Менаџерите се личности додадени на овој процес. Тие го изучуваат менаџментот за да го унапредат управувањето.

1.2 Поим за човечки ресурси

Без луѓе и нивниот потенцијал, нема организација и успех. Иако сите ресурси на организацијата се важни, човечките ресурси се најважни. Што може една паметна глава да направи, не може да направат, дури ни илјада од најсовремените машини. Еден човек е свесно, интелектуално, емоционално и рационално суштество, која има свој идентитет и интегритет, нивни вредности и квалитети, нивни планови и цели и нивни потреби и интереси. Неговиот живот не се случува исклучиво во организацијата, но и надвор од неа. Неговото однесување може да биде под влијание, но тоа не е лесно да се предвиди. Поентата е дека секој човек е приказна за себе и на многу начини уникатна и неповторлива. Затоа, управувањето со луѓето и нивните потенцијали е покомплексен, поодговорен и почувствителен процес отколку управување со технички, финансиски и други ресурси на организацијата. Со цел да се постигнат поповолни резултати во овој процес, неопходен е индивидуален приод, бидејќи едно лице не само што ги носи своите знаења и способности во организацијата, туку и неговите сопствени желби и амбиции, неговите надежи и очекувања и неговите позитивни и негативни карактеристики и навики.

Терминот *"човечки ресурси"* е со неодамнешен датум, бидејќи, со многу контроверзи и критики, неодамна влезе во употреба. Критичарите за овој начин на именување на вработените претпоставуваат дека тоа е понижувачки за вработените, бидејќи се идентификуваат со објект на управувањето и се сведува на ниво на машина, или на

средство за економска и безмилосна експлоатација. Ако се стремиме кон тоа да изградиме хумана врска меѓу сопствениците на капиталот и сопственикот на работната сила, надминувајќи ја врската на супериорноста и подреденоста во процесот на работа, натамошно подобрување на економската и / или институционалната демократија и натамошно зајакнување на материјалната, социјалната и севкупната позиција на вработените, не може да се фаворизираат концептите поврзани со старите и преживеани модели на управување, раководење, наредување, контрола и казнување. Бидејќи луѓето се најголемото богатство на една организација, не е прифатливо некој да ги споредува со пари, машини и информации.[5] Таквиот пристап, според мислењето на критичарите, води кон минатото, а не кон иднината, бидејќи ги игнорира основните човечки вредности, односно вредностите кои не можат да допрат во 21 век.

Соодветно на тоа, под човечките ресурси се подразбираат вкупните човечки ресурси во организацијата: достапните знаења и искуства, корисни способности и вештини, можни идеи и креации, степен на мотивација и интерес за остварување на организациските цели и слично. Со други зборови, човечките ресурси се гледаат низ призмата на вкупните човечки вредности и потенцијали. На менаџментот на организацијата е да ги препознае и правилно да ги активира и насочи кон остварување на предвидените цели.

Човечките ресурси се клучни за постигнување на целите на организацијата. Нивната извонредност и специфичност ги става во прв план во однос на другите ресурси, а нивното неизмеримо значење за организациските перформанси ги прави најважните ресурси на организацијата. Нивната специфичност и нивното значење, меѓу другите, се рефлектираат во следново[6]:

- човечките ресурси, за разлика од другите ресурси, можат да ги стават во функција сите интелектуални, физички и други потенцијали што ги имаат;
- човечки ресурси, добро интегрирани и насочени кон тимскиот концепт на работа, обезбедуваат синергетски ефект, што резултира во вкупните резултати од работењето повеќе од индивидуално постигнатите резултати;

[5] Kulić Ž.,Vasić M., (2007) Menadžment ljudskih resursa, Banja Luka.
[6] Pržulj Ž., (2002) Menadžment ljudskih resursa, Institut za razvoj malih i srednjih preduzeća, Beograd.

- резултатите од работата на поединци, групи, тимови и организации воопшто, меѓу другото, зависат од однесувањето и мотивацијата на вработените и менаџерите;
- поединецот може да ја обликува визијата, да дизајнира стратегија, да има идеи, да креира креации, да создава нови производи и слично;
- взаемните знаења и способности и индивидуалните квалитети и чинови претставуваат уникатен и во голема мера, единствен потенцијал на организацијата, особено ако се добро составени и на правилен начин насочени кон остварување на организациските цели;
- човечките ресурси долгорочно влијаат врз работењето на организацијата, меѓу другото, бидејќи ефектот на одредени одлуки и промени може со години да се одрази врз вкупните ефекти од водењето бизнис;
- придонесот на организацијата кон човечките ресурси има повеќе ефекти - економски, социјални и здравствени;
- човечките ресурси имаат капацитет за самообновување и развој, се додека употребата не е нарушена и не се намалува, туку се потврдува и се зголемува;
- човечките ресурси се поврзани со сите деловни функции, бидејќи нивното остварување е речиси незамисливо без вклучување на човекот и неговите ментални и други потенцијали;
- вложувањето во човечките ресурси е попрофитабилно отколку инвестирање во други ресурси, бидејќи без човекот и неговото дело нема вишок вредност, односно новосоздадена вредност.

Врз основа на расположливите ресурси и потенцијали, раководството на организацијата треба да се обиде да ги неутрализира или барем да ги минимизира негативните карактеристики на поединците и да ги препознае позитивните вредности и достапните квалитети и други потенцијали, да ги активира на вистинскиот начин. Се со цел да се остварат организациските цели, а не да се запоставаат индивидуалните цели. Деловните резултати не можат да се зголемат

доколку задоволството од работата е намалено. На менаџерите останува да се грижат за ова, со цел да се воспостави задоволителна рамнотежа помеѓу организациските и индивидуалните цели и интереси.

1.3 Фази на развој на управувањето со човечки ресурси

Несомнено, човечките ресурси се најважниот и честопати најскапиот ресурс во една организација, што одредува одржливост, конкурентност и просперитет. Во пракса и во литературата, во врска со работата на персоналот, се среќаваме со бројни термини, како што се човечки ресурси, управување со персонал или управување со човечки ресурси (МЧР). Иако овие термини може да се сметаат за синоними, од теоретска гледна точка тоа не е така. Индивидуалните термини всушност одразуваат различни развојни фази или концепти на работа на персоналот.

1) Администрација на персонал

Историски гледано, најстариот концепт ја сфаќа работата на персоналот како услуга која обезбедува првенствено администрација поврзана со вработување луѓе, стекнување и чување документи и информации за вработените. Во оваа смисла, на персоналната работа и беше доделена пасивна улога и беше наречена „администрација на персонал“. Во управувањето со организациите, овој концепт започна да преовладува во 1920-тите и беше под влијание на класичниот пристап кон управувањето со организацијата. Индустриското производство се базираше на длабока поделба на трудот и тесна специјализација на луѓе. Луѓето беа само труд, нивната работа се идентификуваше со работата на машините. Целта беше да се одржи и зголеми продуктивноста и ефикасноста на работата на луѓето со тоа што ќе им се олесни и рутинизира работата. Студиите за движење и време беа користени за создавање работни задачи и работни места, и секоја операција беше поделена на серија едноставни и рутински работни операции. Целта беше да се одреди најдобриот работен тек и идеалното време за извршување на работните операции. Ова го постави стандардот на работните перформанси. Најсоодветен вработен беше ангажиран за секоја работа за да може веднаш да ја изврши зададената работа и да ја постигне потребната работна продуктивност. За таа цел, тој беше стимулиран од плата за задача поврзана со стандардот на работните перформанси. Така, беше можно да се вработат неквалификувани луѓе, што ги намали трошоците за работна

сила и го скрати времето потребно за обука на луѓето. Персоналната работа беше сфатена како услуга за потребите на менаџментот на организацијата. Персоналот вршеше административни задачи поврзани со вработување на луѓе и водење евиденција на персоналот за планирање, избор, обука, евалуација и награда на луѓето.

2) Управување со персонал

Овој концепт започна да се промовира во управувањето со организациите во 1940 -тите и 1950 -тите години, кога динамичниот развој на индустриското производство постепено продолжи, конкуренцијата се засили и потребите на клиентите се променија. Дури и пред Втората светска војна, почна да преовладува нешто поинаков пристап, базиран на многу поактивната улога на човечките ресурси. Во се поголем напор за проширување и во потрага по конкурентна предност, менаџментот на овие организации почна да сфаќа дека главниот извор на просперитет и конкурентност се човечките ресурси, односно луѓето. Овде веќе можеме да зборуваме за вистинско „управување со персонал“. Почнаа да се појавуваат кадровски оддели на чело со директор за персонал, каде што одделни персонални службеници почнаа да се специјализираат за индивидуални кадровски активности. Од друга страна, персоналната работа се уште остана на ниво на оперативно управување, односно не се обрнуваше внимание на стратешките прашања за управување со човечките ресурси.

3) Управување со човечки ресурси

Околу 1960 -тите (особено во западните земји), започна да се формира модерен, современ концепт на работа на персоналот, наречен „управување со човечки ресурси“. Овој концепт беше целосно имплементиран во 1980-тите и 1990-тите години поради радијалните промени во деловните услови и менаџментот на светските пазари (унапредување на глобализацијата, засилување на конкуренцијата, нови технологии, промена на барањата на клиентите итн.). Организациите почнуваат да сфаќаат дека само доволно способни и мотивирани луѓе, систематски подготвени за промени, ќе обезбедат долгорочен просперитет на организацијата и трајна конкурентна предност. Концептот на човечки ресурси стана јадро на целиот менаџмент на организацијата. Така, развојот на персоналната работа од

административни активности до концептуални, навистина менаџерски активности беше завршен. Персоналната работа во новиот концепт престана да биде прашање на човечки ресурси, стана составен дел од работата на секој менаџер. Луѓето стануваат најважниот ресурс затоа што активно одлучуваат за обезбедување, користење и развој на сите други ресурси на организацијата и нивните способности и мотивација за работа придонесуваат за постигнување на стратешките цели на организацијата. Менаџментот со човечки ресурси сега е дел од стратегискиот менаџмент на една организација (компанија), каде што станува важен дел од долгорочните планови. Менаџментот е целосно свесен дека човечките ресурси се највредното нешто што една организација (компанија) го има на располагање за да ги постигне своите цели. Овој концепт би можеле да го наречеме концепт на „Управување со интелектуалниот капитал“.

1.4 Дефинирање на менаџментот на човечки ресурси

Ресурсите во организацијата се дефинираат како сè што може да претставува нејзина силна или слаба страна вклучувајќи ги материјалните и нематеријалните средства. Во основа, ресурсите во организацијата можат да се поделат на три поголеми категории, и тоа: *Финансиски ресурси, Технолошки ресурси и Човечки ресурси.* Секоја од категориите е со голема важност за успехот и исполнувањето на организациските цели, но во повеќе истражувања се докажало дека човечките ресурси служат како „лепило“ за сите ресурси.[7]

При дефинирањето на менаџмент на Човечки ресурси се поаѓа од три фактори и тоа: Човечки ресурси, останати ресурси и менаџмент. Бидејќи човечките ресурси се оние кои го поседуваат вистинскиот и потенцијалниот капитал како знаење, вештини и способности и со ефективни менаџерски техники можат да бидат насочени кон достигнување како на организациските, така и на личните потреби, тие се во фокусот на МЧР. Дополнително, се верува дека срцето и душата на секоја организација во светот се всушност нејзините вработени. Оттука, не постои една конкретна дефиниција за менаџментот на човечките ресурси. Помеѓу најкористените во литературата се среќаваат следните:

[7] Митева Н., Митрева Е., (2017) Менаџмент на човечки ресурси, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Штип.

Според Graham *„Целта на менаџментот со Човечки ресурси е да осигури користење на вработените во организацијата на начин што ќе му овозможи на работодавецот најголем возможен бенефит од нивните способности, додека вработените за возврат ќе бидат материјално и психолошки наградени за нивната работа“* (Graham, 1978).

Помеѓу популарните дефиниции за менаџментот на Човечки ресурси е и онаа на Armstrong, бидејќи се темели на историски истражувања во оваа дисциплина. Тој го дефинира менаџментот на Човечки ресурси како *„Стратегиски и кохерентен пристап на менаџментот кон највреднуваните организациски средства – луѓето кои работат таму кои индивидуално и колективно придонесуваат кон достигнување на деловните цели“* (Armstrong M. , 1995).

Buchanan и Huczynski го дефинираат менаџментот на Човечки ресурси како *„Менаџерка перспектива која ја истакнува потребата да се основаат интегрирани серии на политики за персонал кои ќе ја поддржат организациската стратегија“* (Buchanan, 2004).

Терминот стратегиски го употребуваат Bratton и Gold дефинирајќи го менаџментот на Човечки ресурси како *„Стратегиски пристап при менаџирањето на врските кај вработените кој истакнува дека искористувањето на способностите на луѓето е критично за достигнување конкурентска предност, која се достигнува со карактеристичен збир на интегрирани политики за вработување, програми и практики“* (Braton, 2007).

Според Torrington et al. (2008), *менаџментот на човечки ресурси се дефинира како серија на активности кои прво, им овозможуваат на вработените и на организацијата која ги користи нивните вештини, да се согласат за целите и природата на нивниот работен однос, и второ, да осигури дека овој нивен меѓусебен договор е исполнет.*[8]

[8] Torrington et. al., *Human Resource Management*, 25.

Noe et. al. (2006), *индицира дека менаџментот на човечки ресурси ги опфаќа политиките, практиките и системите кои влијаат на однесувањето на вработените, на нивните ставови и работни перформанси.*[9]

Според Dessler (2008), *менаџментот на човечки ресурси се занимава со дизајнирање на формални системи во организацијата кои ќе осигураат ефективно и ефикасно искористување на човечкиот талент за остварување на организациските цели.*[10]

Гледајќи ги бројните истражувања и дефиниции, може да се заклучи дека менаџментот на Човечки ресурси со сигурност претставува стратегиски менаџерски пристап при управувањето на вработените, со цел исполнување на организацискатa мисија и визија, и притоа достигнување на нејзините цели.

1.5 Цели на менаџментот на човечки ресурси

Се разбира дека современиот менаџмент на човечки ресурси не може да служи за задоволување на некои свои цели кои се независни, спротивни или различни од меѓусебно прифатените цели на работењето.[11] Суштината на имплементирањето на модерната концепција на менаџментот на човечки ресурси во работењето се состои во обезбедување на негова активна улога во осигурувањето, овозможувањето или помагањето при остварувањето на замислените и договорените цели. Тоа значи дека неговите специфични цели во целост мораат да бидат компатибилни и усогласени со целите на организацијата.

Улогата на современиот менаџмент на човечки ресурси може да се објасни преку идентификување на неговите основни цели:[12]

1. **Цели поврзани со вработените**. Основна грижа на денешните менаџери на човечки ресурси е осигурување на соодветна организациска структура во нивните компании пополнета со вработени кои во целост ги задоволуваат нивните кадровски потреби.

[9] Noe et. al., *Menadžment ljudskih potencijala - Postizanje konkurentske prednosti*, 4.
[10] Dessler, *Human Resource Management*, 2.
[11] Бојаџиоски Д., Ефтимов Љ, (2009) Менаџмент на Човечки Ресурси, Економски Факултет, Скопје.
[12] Исто.

2. **Цели поврзани со резултатите**. Откако менаџерите веќе ќе ги ангажираат потребните човечки ресурси, на ред е да осигурат дека тие ќе бидат заинтересирани, силно мотивирани и обврзани да го дадат својот максимум во остварувањето на очекуваните резултати во своето работење, но и резултатите на ниво на работниот тим, одделението, секторот или организацијата во целост. Најчести програми кои се користат за унапредување на лојалноста на вработените и нивен несебичен ангажман за остварување на посакуваните резултати или стандарди се: перманентна обука и развој, потоа директните и индиректни системи за плаќање и наградување на вработените, можностите за нивна промоција и унапредување и слично.
3. **Цели поврзани со промените**. Во денешно време, организациските промени станаа начин на нивно функционирање и живеење и истите можат да надојдат во различни форми. За таа цел, понекогаш се потребни структурни промени во вид на реорганизации на работните места или процеси, а друг пат, пак, промена на организациската култура или навиките на вработените. Без разлика за кои сценарија станува збор, менаџментот на човечки ресурси игра клучна улога во нивното иницирање и спроведување. Развојот на лидерските способности кај вработените за прифаќање на промените и спроведување на неопходните иновации, како и привлекувањето и вработувањето на т.н. „агенти за промени“ ќе придонесат за полесно прифаќање на промените во организацијата.
4. **Административни цели**. Четвртиот тип на цели на менаџментот на човечки ресурси не се директно одговорни за остварувањето на конкурентската предност на нивните организации, но овозможуваат непречено остварување на другите типови цели. Овде спаѓаат ажурното и напредно водење на досиејата на секој од вработените, вклучувајќи податоци за степенот на образование, нивните резултати во извршувањето на секојдневните задачи, почитување на работното време, придржување до плановите и стандардите на работењето, нивното однесување, извештаи за нивните боледувања, повреди, искористени годишни одмори, остварените дополнителни обуки и семинари, преземање иницијативи, висината на примањата, дополнителните бонуси и слично. Добар дел од овие цели, освен за интерна употреба, треба да се водат и за да се задоволат законските прописи кои ги третираат овие подрачја.

Интересно е стојалиштето според кое специфичните цели на менаџментот на човечки ресурси се делат во три основни групи: економски цели, социјални цели и цели поврзани со флексибилноста и промените.[13] Во продолжение можеме да видиме кои цели ги сочинуваат секоја од овие главни групи (слика 1).

Слика 1. Специфични цели на менаџментот на човечки ресурси



Извор: Бојаџиоски Д., Ефтимов Љ, (2009) Менаџмент на Човечки Ресурси, Економски Факултет, Скопје, стр.23-24.

1.6 Значење на менаџментот на човечки ресурси

Менаџментот на човечки ресурси станува значаен за организацијата поради следните причини:[14]

- **Придонесува за постигнување на организациските цели**. МЧР ѝ помага на компанијата да ја постигне својата цел со текот на времето, преку создавање на позитивен став кај вработените, намалување на трошоците, максимално искористување на ресурсите итн.

[13] Бојаџиоски Д., Ефтимов Љ, (2009) Менаџмент на Човечки Ресурси, Економски Факултет, Скопје.

[14] https://www.brainkart.com/article/Significance-importance-need-of-HRM(Human-Resource-Management)_7231/, (пристапено на: 10.07.2021).

- **Го олеснува професионалниот раст**. Поради соодветната политика за човечки ресурси, вработените добро се обучуваат и тоа ги прави подготвени за идни напредувања. Нивниот талент може да се искористи не само во компанијата во која работат во моментот, туку и во други компании кон кои вработените можат да се приклучат во иднина.
- **Ги подобрува односите помеѓу синдикатите и менаџментот**. Здравите практики за менаџмент на човечки ресурси можат да ѝ помогнат на организацијата да одржува координативни односи со синдикатите. Членовите на синдикатот почнуваат да сфаќаат дека компанијата е заинтересирана за вработените и нема да одат против неа, со што шансите за штрајк се значително намалени.
- **Му помага на поединецот да работи во група/тим**. Ефективните HR практики ги учат поединците на тимска работа и прилагодување. На поединците им е многу покомфорно и попријатно додека работат во тим, што придонесува за подобрување на тимската работа во организацијата.
- **Ги идентификува поединците со перспективи за успех во иднина**. Бидејќи вработените постојано се обучуваат, тие се подготвени да ги исполнат условите за работа. Компанијата е исто така во состојба да ги идентификува потенцијалните вработени кои можат да бидат унапредувани во иднина, за работни места од повисоко ниво. Така, една од предностите на МЧР е подготвувањето на луѓето за иднината.
- **Ја распределува вистинската работа на вистинската личност**. Доколку се следат соодветни методи на регрутирање и селекција, компанијата ќе може да ги избере вистинските луѓе за вистинското работно место. Кога тоа ќе се случи, бројот на луѓе кои ја напуштаат работата ќе се намали, бидејќи тие ќе бидат задоволни со својата работа, што пак, ќе доведе до намалување на прометот на вработени.
- **Ја подобрува економијата**. Ефективните HR практики доведуваат до остварување на поголем профит и подобри перформанси од страна на компаниите, поради што компанијата добива шанса да влезе во нов бизнис и да отпочне нов деловен потфат, со што се зголемува индустрискиот развој и се подобрува економијата.

1.7 Улоги на менаџментот на човечки ресурси

Управувањето со човечки ресурси опфаќа неколку улоги.[15] Природата и степенот на овие улоги зависи, како од тоа што бара повисокиот менаџмент од менаџментот за човечки ресурси, така и од тоа какви способности покажува персоналот од одделот за човечки ресурси. Овие улоги вообичаено се утврдени за човечките ресурси:

- *Административни:* фокусирани на чиновничка администрација за човечките ресурси и чување евиденција на податоците.
- *Застапување на организацијата и вработените.* Управување со повеќето од активностите за човечки ресурси во поддржување на стратегијата што е одредена од менаџментот и работа во служба на „поборник“ за вработените.
- *Стратешка.* Помагање при дефинирање на стратегијата во однос на човечкиот капитал и неговиот придонес кон резултатите на организацијата.

Административната улога, традиционално беше примарна и доминантна улога на менаџментот на човечките ресурси. Сепак, во областа на човечките ресурси се случуваат значителни трансформации. Најголемиот предизвик за човечките ресурси е да посвети поголемо внимание на стратешкото управување со човечките ресурси. Затоа, во иднина можеме да очекуваме зголемување на доминантноста на стратешката улога, наспроти многу малата застапеност на административната улога. Улогата на застапување на организацијата и вработените, веројатно ќе остане константна.

1.8 Процеси при менаџирањето со човечките ресурси во организацијата

1.8.1 Планирање на човечките ресурси во организацијата

Планирањето на човечките ресурси кое уште е познато и под терминот *планирање на работната сила* или *кадровско планирање* се дефинира како процес на обезбедување на потребен број на квалификувани луѓе за извршување на точно определени работни задачи во точно определено време. Планирањето исто така може да се дефинира и како поставување на цели и прецизирање на активности,

[15] Матис и Џексон, *Управување со човечки ресурси*, 10.

начини и ресурси за нивно остварување. Заради сето ова, не треба да се отстапи или да се занемари процесот на планирање. Тоа само значи дека треба да се придржуваме до научни и логични правила, техники и методи, за намалување на ризиците. Планирањето е појдовна функција во раководењето, манифестирана во процесот на дефинирање на целите кои треба да се реализираат, утврдување на предуслови во кои тие цели би се реализирале, избор на правец на дејствување, средства, методи и техники за нивно остварување.[16]

Планирањето е најважната функција во раководењето. Вклучува избор на цели и активности за нивно остварување, не води до одредено место во иднината до кое сакаме да стигнеме, и безусловно подразбира иновативен дух на менаџерот.

За да се планира продуктивно, треба да се имаат во предвид следните работи:

- Да се биде свесен за приликите во кој ќе се остварува планот за работа;
- Реално да дијагностицираат шансите за развој;
- Да се постават цели;
- Да се анализираат претпоставките на планирањето;
- Да се идентификуваат можните алтернативи;
- Да се изработат планови за поедините сегменти од работата;
- Да се предвидат трошоци за реализација на плановите.

Целите се крајните точки кон кои се усмерени активностите и тие ги претставуваат резултатите кои треба да се остварат. За да се остварат планираните цели, потребно е да се усогласат човечките и материјалните ресурси, да се поделат работните улоги и да се координираат поединечните и вкупните напори низ процесот на организација на работата.


Планирањето на човечките ресурси е процес кој обезбедува план за човечки ресурси. Планот за човечки ресурси служи како основа за испитување на барањата на претпријатието и за извршување на потребните активности за поддршка на деловниот план на претпријатието. Специфичните детали за планот за човечки ресурси ќе зависат од околностите на секое претпријатие и неговата околина.

Планирањето на Човечки ресурси се реализира низ пет чекори:[17] Првиот чекор од процесот на планирање на човечки ресурси е ***Прегледот на организациските цели и стратегии*** од причина што целта на МЧР е да биде во согласност со нив. Во овој чекор потребно е да се анализираат визијата, мисијата, вредностите, корпоративните

[16] Денкова Ј., (2015) Управување со човечките ресурси во јавната администрација, УГД, Штип.
[17] Митрева Е., Митева Н., (2017) Менаџмент на човечки ресурси, УГД, Штип.

бизнис планови, како и стратегиските програми. Исто така, од голема важност е анализата на критичките фактори на успех со кои ќе се установи дали стратегиските цели ќе бидат постигнати или не. Вториот чекор се однесува на ***Скенирање на општеството*** и опфаќа анализа на внатрешното и надворешното опкружување. Анализата на надворешното опкружување се однесува на проучувањето на организациското опкружување со акцент на можностите и заканите. Влијанието на надворешното опкружување врз човечки ресурси произлегува од причина што истиот пазар на Човечки ресурси е достапен за сите организации, вклучувајќи ја и конкуренцијата. Останатите елементи на надворешното опкружување кои треба да бидат земени предвид при анализата се владините, економските, технолошките, социјалните, географските влијанија, како и промената на работната сила. Внатрешното опкружување ги опфаќа постоечките вработени во организацијата, а анализата се однесува како на вештините, знаењата и способностите на вработените така и на работните места со кои располага организацијата. Во оваа фаза се разгледуваат прашањата „Кои работни места постојат“, „Колку поединци извршуваат одредена работна задача“, „Колку поединци пополнуваат исто работно место“, „Кои работи места се потребни за реализација на идните организациски стратегии“, „Колку е важно секое работно место“, „Кои знаења, вештини и способности се неопходни за извршувањето на работната задача на конкретно место“, и сл.

Слика 2. Шематски приказ на планирање на човечките ресуси



Извор: Матис, Л. Ц. (2010). Управување со Човечки ресурси, Скопје: Магор, стр. 47.

Моменталните и идните потреби од човечки ресурси потребно е да бидат предвидени на основа на анализа на приоритети и цели, и анализа на општеството. За да се направи тоа, потребно е да се утврдат потребите од човечки ресурси, да се идентификуваат јазовите и да се планираат идните потреби од човечки ресурси. Третиот чекор од планирањето на човечки ресурси дава одговор на прашањата *„Дали го поседувате потребното за исполнување на целите“,* откако ќе се дефинираат целите и потребите од човечки ресурси за исполнување на истите.

Тежината на јазот може да се одреди доколку се анализираат резултатите од пополнување или не пополнување на јазот.

Четвртиот чекор вклучува **одредување на потребите од кадар за организацијата и определување на расположливиот кадар**. За да се достигнат поставените цели, во овој чекор од планирањето можат да се развијат различни стратегии за пополнување на слободни работни места или пак за справување со вишокот на вработени во организацијата. Дополнително, пополнувањето на слободните работни места, исто така може да се заврши со овој процес искористувајќи ги веќе присутните вработените.

Последниот чекор од планирањето на човечки ресурси вклучува **мониторинг, евалуација и изготвување извештај за ЧР.** Со изготвувањето на плановите за ЧР се обезбедува конкретна насока на активностите на МЧР, како и јасни цели за ЧР.[18]

Чекорите во процесот на планирање на човечки ресурси варираат од една организација до друга, но исто така и нивната комплексност. Целта на планирањето на човечките ресурси е јасно да се дефинираат потребите и истите да бидат задоволени со што ќе се обезбеди достигнување на организациските цели.

1.8.2 Регрутирање на човечките ресурси

Регрутирањето се дефинира како процес кој обезбедува група на квалификувани кандидати за одредено работно место од која организацијата може да го избере "вистинскиот". Пред да регрутираат, организациите треба да имаат имплементирано соодветни планови и предвидувања за Човечки ресурси. На основа на резултатите од планирањето на човечките ресурси, менаџерите се одлучуваат за следниот чекор. Регрутирањето е процес кој најчесто се користи при појава на недостаток на работна сила. [19] Предвидувањето на кадарот е само еден дел од она што треба да се направи за да се дојде до потребното планирање на кадарот. Тоа всушност е и почеток на регрутирањето на човечките потенцијали. Следно е да се даде одговор на прашањето: -Колку многу вработени ќе ни бидат потребни, а колку од нив можеме да ги најдеме помеѓу постојниот кадар?

За таа цел се изработуваат списоци за стручност во кои стојат податоци за образованието на кадарот, интересите за кариера и развој, познавање на јазици,

[18] Митрева Е., Митева Н., (2017) Менаџмент на човечки ресурси, УГД, Штип.
[19] Braton, J. a. (2007). Human Resource Management 4th ed. Basingstoke: Palgrave McMillan.

специјализирачки вештини итн. Овие сумирани податоци можат да се изработат рачно или компјутерски.

Некои работодавачи користат дијаграми за замена на кадарот заради евиденција на внатрешните кандидати за важните позиции во организацијата. Во нив е дадена сегашната исполнителност на вработениот, како и неговата способност за напредување.

Без разлика како се собрани и пополнети листите со податоци во големите работни организации тие се обемен материјал кој тешко може да се користи доколку нема можност за нивна компјутерска обработка. Доколку има можност за компјутерски да се обработат податоците тогаш треба да ги содржат следните елементи:[20]

- Работно искуство - од претходно и сегашното искуство како и позициите за кои претендира;
- Познавање на производ - познавање на производните линии или услугите што определува каде работникот би можел да биде унапреден;
- Индустриско искуство - индустриски искуства на работникот и за определената позиција за која е тоа многу корисно;
- Формално образование - името на секоја посетена образовна институција, полето на студии, степен и година;
- Посетени обуки - посетени, но и водени обуку на вработениот
- Вештина за странски јазици - степен на вештина;
- Ограничувања за преместувања - спремност на работникот да се премести и каде би сакал тој да биде преместен;
- Интерес за кариера - што работникот би сакал за својата иднина:
- Оценување на перформансите - ажурирани постигања на работникот за минатиот период со оцени за различните способности.

Така, можеме да зборуваме за различни мотивации во работата на персоналот во областа на социјалните услуги - мотивација ориентирана кон човекот, во споредба со производствените компании (компании), каде што значително преовладува ориентацијата кон перформансите на вработените со цел да се оствари што е можно поголем профит. Важни фактори влегуваат во процесот на мотивација, вклучувајќи ја и мисијата на организацијата. Овој дел од пазарот на трудот привлекува поединци кои сакаат да им помогнат на другите, сакаат да променат нешто и им треба нивната работа да има смисла. Ова веројатно се должи на фактот дека овие организации имаат за цел да исполнат општествено корисна мисија. Поголема кохезија на

работниот тим е очигледна и во овие организации вработените често го поминуваат своето слободно, неработно време заедно. Покрај тоа, нагласуваат дека еден друг факт е важен за овие лица, имено ценењето на организацијата за која тие работат. Како што е познато, вработените често работат за релативно ниска плата, така што внатрешната мотивација е важна за нив.

Веќе беше споменато дека важна специфична карактеристика на организациите за социјални услуги е хетерогеноста (разновидноста) на човечките ресурси, што, пак, подразбира разновидност на меѓучовечки и работни односи. Оваа хетерогеност се манифестира, на пример, во фактот дека во ЦСР можат да работат и висококвалификувани специјалисти, менаџери, неквалификувани работници, но и волонтери можат да работат овде.

Во Извештајот за работата на Центрите за социјална работа во Република Македонија, според направеното истражување[36] од вкупно 30 центри во нашата држава, учество на волонтерска работа е присутно во 17 од нив. Односно во нешто повеќе од половина. Во Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021[37] е препознаена потребата за зголемување на ангажирањето на волонтерската работа. Меѓутоа моменталната состојба покажува дека се уште волонтерската работа не е застапена во голем дел од центрите. Оттука може да се заклучи дека постои потреба за зголемување на волонтерскиот ангажман, особено во оние центри каде воопшто не биле ангажирани волонтери.

Во овој контекст, од гледна точка на работата на персоналот, неопходно е да се сврти вниманието кон негативниот феномен што понекогаш се јавува во некои ЦСР, имено акумулација на функции. Управувањето со човечките ресурси во овие организации се модифицира главно со ограничено финансирање, обично со повеќе извори, усогласеност со стандардите за квалитет на социјална работа и законска едукација на социјалните работници. Во социјалните услуги, менаџерот често станува професионален авторитет, работник кој има најшироко образование во оваа област. Значи, овој често не е условен од менаџерски вештини. Менаџерите во оваа област заземаат различни позиции и управуваат со обемот на работа според видот на

[36] Извештај за работата на Центрите за социјална работа во Република Македонија, https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2017/04/Izveshtaj-za-rabotata-na-CEntrite-za-socijalna-rabota-vo-R-M.pdf

[37] http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/NationalProgrammeSocialProtection.pdf

организацијата, со лидерите во посложена позиција, бидејќи, покрај професионалните задачи и одговорности за управување и работење со објекти, тие треба да го бранат својот јавен живот и да го зголемат средства за нивните активности.

Организацијата на социјална работа е организам кој постојано учи, така што овој протокот на информации е од суштинско значење за организацијата. Менаџерите се одговорни за управување со социјалните услуги, вклучително и управување со персоналот. Во рамките на управувањето со човечки ресурси, менаџер во социјални услуги ги извршува следните клучни функции:

- придонесува за обезбедување на потребниот персонал,
- создава услови за развој на своите вработени и свои,
- планира, организира, ја оценува работата на своите вработени,
- создава тим, развива продуктивни и креативни работни односи.

Понатаму, треба да се развијат компетенции за управување со човечки ресурси. Други специфичности, исто така, произлегуваат од самото почитување на Законите, Стандардите и процедурите за постапување на ЦСР.[38] На ова се додаваат и други барања за индивидуални работни места, особено самоопределување, интегритет, медицинска и професионална компетентност.

[38] Стандарди и процедури за постапување на центрите за социјална работа (2014). Скопје : ЈУ Завод за социјални дејности.

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

2 ВОВЕД ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето кое е цел на овој магистерски труд има задача да ја докаже или отфрли претпоставката дека примената на реален, наместо декларативен МЧР, влијае врз зголемувањето на ефективноста, ефикасноста на работењето на Јавната администрација и квалитетот на услугите на ЦСР. За таа цел е разработена хипотетска рамка во која се опфатени сите релевантни елементи на едно научно истражување: проблем, појава, цели, динамика и примерок на истражување, хипотетска рамка, независни и зависни варијабли, како и индикаторите кои се користат за нивно докажување.

2.1 Проблем на истражување

Во овој магистерски труд ќе се анализира улогата на менаџментот со човечки ресурси во спроведувањето на функциите на менаџментот во Центрите за социјална работа во пелагониискиот плански регион. Во овој регион влегуваат девет општини: Демир Хисар, Битола, Новаци, Могила, Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Крушево и Ресен. Работата во социјалните служби е стресна работа од причини што вработените секојдневно се среќаваат и работат со лица од ранливи категории на граѓани. Тука спаѓаат лица со нарушено здравје, зависници, лица со посебни потреби, лица жртви на семејно насилство и нарушени семејни односи, лица жртви на трговија со луѓе, необразовани и несоцијализирани лица кои егзистираат во многу лоши услови и на кои им е потребна помош од државата која се спроведува преку вработените во Центрите за социјална работа. Успешноста, професионалноста, посветеноста и стручноста на вработените во Центарот значи подобар живот за сиромашните, ранливите и социјално исклучените лица. За да се постигне ова, секторот за човечки ресурси треба да ги мотивира вработените и успешно да менаџира со континуиран професионален развој преку одржување на обуки за стручните работници. Обуката на вработените им овозможува да се стекнат со практични вештини и знаења ко се потребни за работа, раководење на процесите и организациско однесување според прифатените норми и стандарди за да можат упешно да одговорат на барањата кои ги носи работното место. Едукацијата на

стручните работници во Центарот претставува континуиран процес на стручно усовршување преку одржување на обуки кои влијаат врз ефективноста во извршувањето на зададените задачи. Покрај професионалниот развој и мотивацијата на вработените е еден од клучните фактори за успехот во работата и остварувањето на целите и задачите на секоја организација и институција. Остварувањето на целите значи поуспешно и подобро функционирање на Центарот при реализирањето на услугите на корисниците на права.

Интервенирањето во животите на лицата во ризик, претставува специфична задача за која е потребно лицето да владее со низа различни знаења, вештини и техники. Релевантното образование, како и развојот преку едукација и обуки, на лицето ќе му овозможат да ги применува своите лични силни страни и слабости за поефикасно да ги извршува своите работни задачи. Јасните описи на работните места преку точно определена спецификација како и континуираните обуки на вработените ќе помогнат во одржувањето на високите стандарди во Центарот за социјална работа. Менаџерите во институцијата во целост имаат одговорност да ги подготват и информираат вработените да знаат што се очекува од нив преку тоа што ќе им се обезбедат јасни и прецизни описи на работните места и постојани специјализирани обуки. Како дел од ова истражување ќе биде и согледувањето за тоа колку успешно се реализирааат активностите и практиките на управувањето со човечкиот кадар во Центрите за социјална работа. Може и да го истражуваме задоволството на вработените од одржувањето на обуки и нивниот развој и едукација кои би требало да се спроведени од страна на менаџментот со човечки ресурси во институцијата. Вложувањето во развојот и правилниот избор на човечки ресурси води кон поуспешно остварување на стратешките цели и задачи на институцијата. Истражувањето на проблемот пред се ќе се прави поради дополнување на знаењата за важноста на улогата која ја има менаџментот со човечки ресурси. Секоја институција треба да се посвети на интензивна изградба на ефективен систем за управање со човечки ресурси кој би подразбирал имплементирање на практиките и функциите на менаџментот во областите на планирање на човечки ресурси, правилна селекција и регрутирање, унапредување на системот за опис на работни места, обука и едукација на вработените, одржливост и мотивирање на стручните кадри како и следење и оценување на работата. Прашањето кои од овие практики се применуваат

во Центрите за социјална работа ќе ни даде одговор за успешноста на управувањето со човечките ресурси.

Клучен фактор за успешно работење на административните и јавни установи е управувањето со човечките ресурси во јавната администрација, вклучувајќи ги тука и Центрите за социјална работа. Основната цел на менаџментот во јавната администрација мора да биде креирање на капацитети со кои би се постигнале одржливи и ефикасни институции преку создавање квалификувани, лојални и мотивирани човечки ресурси. Само со успешно структуриран и стандардизиран начин на управување со човечките ресурси во јавната администрација ќе може да се реализираат целите преку трудот, компетентноста и придонесот на вработениот. Целта на ова истражување ќе биде да се утврди состојбата на поставеноста, екипираноста и функционирањето на секторот за управување со човечки ресурси. Дали се регрутираат човечки ресурси според потребната стручност и професионалност, дали се ангажирани вистинските луѓе на вистинското место, дали е потребна реорганизација на работните места се само некои од прашањата на кои треба да добиеме одговор. Одржувањето на бројот, квалитетот и задоволството на јавните службеници е постојана и главна функција на човечките ресуси во јавната администрација.

Управувањето со човечките ресурси е процес кој што и овозможува на институцијата да регрутира луѓе кои ги имаат потребните квалификации, вештини, знаења и способности за полесно да се дојде до зацртаните резултати и цели. Поконкретно, управувањето со човечките ресурси претставува клучна функција во институцијата со која треба соодветно да се поврзат управувањето со човечки ресурси со целите на институцијата. Преку правилно селектирање и регрутирање на потребните ресурси, оваа функција има за цел да ја создаде структурата преку која институцијата ќе ги постигне своите стратешки определби и цели. Имајќи ја во предвид комплексноста на процесот на работа во Центрите за социјална работа, како и потребата од професионален стручен кадар не може а да не ја согледаме големината на улогата за правилно управување со човечки ресурси. Потребно е знаење и успешно управување со човечките ресурси за да се привлечат и да се задржат вистинските луѓе на вистинското место кои ќе ги постигнат поставените цели.

2.2 Појава на истражувањето

Менаџирањето на човечки ресурси е една од важните сегменти во функционирањето на организацијата. Менаџментот со човечки ресурси е значаен за односот на организацијата кон своите вработени. Во време на постојани промени особено расте свеста за тоа дека целите на секоја организација не е можно да се постигнат без грижа за оние кои тие цели треба да ги конкретизираат и остварат. Успешното управување со човечки ресурси ќе овозможи рано дијагностицирање и превенирање на проблемите во организацијата. Оттука **појавата (областа) на истражување** во која ќе се изведе емпириските дел на трудот е: **Менаџмент на човечки ресурси во јавната администрација.**

2.3 Цел на истражувањето

Од успешното управување со човечките ресурси зависи процесот на работење и реализирање на поставените задачи и цели на институцијата. Општа цел на ова истражување е да се добијат релевантни сознанија да се утврди поврзаноста на улогата на менаџирањето со човечките ресурси со успехот на Центрите за социјална работа во справувањето со решавање на проблемите. Успехот на ефикасноста во работата на Центрите се мери преку задоволството на корисниците кое произлегува од услугите и правата што ги даваат Центрите како даватели на јавни услуги и парични побарувања. За сето ова да биде остварено потребни се професионални и компетентни кадри, знаења и вештини на вистинските вработени на вистинско место а за кои е одговорен манаџментот на човечки ресурси во институцијата.

Ова истражување има за цел да ја претстави улогата на управувањето со човечките ресурси во јавната администрација, односно во Центрите за социјална работа. Основен предмет ќе биде анализата на активностите и функциите на јавната администрација – ЦСР коишто се однесуваат на менаџирањето со човечките ресурси. Целта е да се осознае улогата на управувањето со човечките ресурси преку анализирање на работата, планирање и селектирање на вработените, колку и дали се обезбедува обука, постои ли мотивација, развој на кариерата и секако задржување на вработените кои ги исполнуваат критериумите и успешно ги исполнуваат целите и задачите од работното место.

Во ова истражување се поставени и научна и практична цел.

Научна цел: Научната цел на истражувањето е да се добијат нови сознанија за областа која се истражува (менаџирање на човечки ресурси во јавната администрација). Исто така, како научна цел може да се постави и потврдување на апликативноста на користените мерни инструменти за добивање на релевантни резултати за вакви и слични истражувања.

Практична цел: Практичната цел која произлегува од ова истражување е добиените резултати да се стават на располагање на засегнатите страни, за да можат врз база на нив да се работи на подобро дефинирање на потребните активности за менаџирање и спроведувањето на функциите на менаџментот во Центрите за социјална работа во пелагонискиот регион.

2.4 Динамика и примерок на истражувањето

Со истражувањето преку анализа на податоците ќе се обидеме да добиеме реални согледувања за улогата на Менаџментот на човечките ресурси во Центрите за социјална работа во пелагонискиот регион. Ова истражување ќе има неколку фази преку кои полесно ќе дојдиме до увид на состојбата на предметот кој го истражуваме. Преку изработка на нацрт на истражувањето ќе го утврдиме проблемот и варијаблите, како и хипотезите и целите на истражувањето. Исто така ќе се утврди и дефинира методот на истражување и инструментите кои ќе се користат во истражувањето.

Во првиот теоретски дел ќе се објаснат основите и дефинирањето на менаџментот со човечки ресурси. Потоа ќе се дефинираат активностите, функциите и практиките на управувањето со човечките ресурси. Во понатамошниот дел ќе го разгледаме функционирањето на управувањето со човечките ресурси во Социјалната заштита, како и важноста и значењето на развојот, едукацијата, обуката и мотивирањето на вработените во јавната администрација односно Центри за социјална работа.

Во вториот дел ќе биде објаснето истражувањето на проблемот односно ќе се обработат сите сегменти од истражувањето и тоа: предметот на истражувањето, целта и карактерот на истражувањето, задачите, хипотезите, варијаблите, методите, техниките и инструментите, популацијата и примерокот, организацијата и

спроведувањето на истражувањето и статистичката обработка на податоците. Откако ќе се утврдат методите, техниките и инструментите ќе се одреди и примерокот и популацијата која ќе биде анкетирана, односно вработените во Центрите за социјална работа во регионот кој е цел на истражување. Потоа истражувањето ќе биде спроведено преку инструментите кои ќе овозможат собирање, за на крај преку обработка и анализа на собраните податоци ќе се дојде до дополнување на знаењата за истражувачкото прашање и можност да се проверат поставените хипотези. Последна фаза на истражувањето е презентирање на резултатите и одбрана на магистерскиот труд.

Истражувањето ќе се спроведе во Центрите за социјална работа во Пелагонискиот регион во Република Македонија. Анкетата ќе биде спроведена на целен примерок од 50 испитаници. Анкетниот прашалник ќе биде анонимен, ќе опфаќа директни и индиректни прашања кои ќе бидат од затворен тип. Структурата на примерокот ќе биде соодветно поделена, со цел на докажување на варијаблите поставени во хипотетската рамка. Истражувањето ќе се спроведе електронски во месец јули, 2021 година.

2.5 Методи, техники и инструменти на истражувањето

Примерокот на анкетираната популација ќе го сочинуваат вработени во Центрите за социјална работа во пелагонискиот плански регион, кој ги опфаќа општините Демир Хисар, Битола (Новаци и Могила), Ресен, Крушево и Прилеп (Долнени и Кривогаштани). Добиените податоци статистички ќе се обработат и ќе се изврши анализа на добиените податоци од кои ќе се изведе заклучок од добиените резултати. Целта е да добиеме увид во актуелната состојба со човечките ресурси од аспект на менаџирање, стручност на вработените како и нивниот развој преку специјализирани обуки. Откако ќе се изведе заклучок од добиените резултати ќе се добие и заклучок за поставените хипотези. Тие резултати ќе се образложат и интерпретираат и ќе се дојде до целосен извештај за спроведеното истражување.

Прашалниците се од затворен тип, а испитаниците можат да одговараат со еден одговор од трите понудени опции:

А) ДА

Б) ДЕЛУМНО

В) НЕ

Истражувањето на трудот, постигнувањето на поставените цели, односно потврдувањето на поставената теза ќе се прави преку методот на анализа и компаративен метод, дескрипција и статистичка метода.

2.6 Задачи на истражувањето

Задачи на истражувањето се:

- Да се согледа улогата на менаџментот на човечки ресурси во функционирањето на ЦСР
- Да се согледа значењето на улогата на менаџментот на човечки ресурси во спроведувањето на МЧР практиките во ЦСР чија примена е во тесна врска со успешното работење на ЦСР
- Да се согледа зависноста на успешното функционирање на ЦСР од правилниот избор односно селекција на ЧР
- Да се види задоволството на вработените од менаџирањето на ЦСР за нивниот професионален развој преку специјализирани обуки
- Да се види потребата од континуирани обуки, едукации и развој на вработените во ЦСР

2.7 Хипотетска рамка

1.1.Генерална хипотеза:

Примената на реален, наместо декларативен МЧР, влијае врз зголемувањето на ефективноста, ефикасноста на работењето на Јавната администрација и квалитетот на услугите на ЦСР.

1.2. Посебни и поединечни хипотези:

ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 1: Примената на функциите и практиките на МЧР придонесуваат за успешно остварување на целите на ЦСР.

Поединечна хипотеза 1.1: Постои поврзаност помеѓу реалното спроведување на МЧР практиките и остварувањето на стратешките цели на ЦСР.

Независна варијабла: ***Реално спроведување на МЧР практики***

Индикатори: Искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 1, 2, и 3 од анкетниот прашалник.

Зависна варијабла: ***Стратешки цели на ЦСР***

Индикатори: Искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 4,5 и 6 од анкетниот прашалник.

Поединечна хипотеза 1.2: Постои поврзаност помеѓу реалното спроведување на МЧР практиките и квалитетот на услугите на ЦСР.

Независна варијабла: ***Реално спроведување на МЧР практики***

Индикатори: Искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 1, 2, и 3 од анкетниот прашалник.

Зависна варијабла: ***Квалитет на услуги на ЦСР***

Индикатори: Искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 7,8 и 9 од анкетниот прашалник.

ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 2: Ако ЦСР се соодветно екипирани со професионални и обучени ЧР, тие ќе можат да нудат поефикасни и поквалитетни услуги.

Поединечна хипотеза 2.1: Професионални и добро обучени кадри поуспешно ги завршуваат работните задачи и го подобруваат квалитетот на услугите.

Независна варијабла: ***Обука на човечките ресурси***

Индикатори: Искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 10,11 и 12 од анкетниот прашалник.

Зависна варијабла: ***Успех во работни задачи и квалитет на услуги***

Индикатори: Искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 13, 14 и 15 од анкетниот прашалник.

Поединечна хипотеза 2.2: Континуираните обука и развој на вработените во ЦСР обезбедуваат постигнување на организационите цели на ЦСР.

Независна варијабла: ***Развој на човечките ресурси***

Индикатори: Искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 16, 17 и 18 од анкетниот прашалник.

Зависна варијабла: ***Организациски цели на ЦСР***

Индикатори: Искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 19, 20 и 21 од анкетниот прашалник.

ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 3: Правилната селекција на ЧР е поврзана со ефикасноста и успешноста на функционирањето на ЦСР.

Поединечна хипотеза 3.1: Со вработување на вистинските, компетентни луѓе на вистинското место ќе се осигура успехот во остварувањето на стратешките цели и квалитетот на услугите на ЦСР.

Независна варијабла: ***Регрутирање на човечките ресурси***

Индикатори: Искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 22, 23 и 24 од анкетниот прашалник.

Зависна варијабла: ***Стратешки цели и квалитет на услугите на ЦСР***

Индикатори: Искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од анкетниот прашалник.

Поединечна хипотеза 3.2: Правилната селекција и вработување, како дел од функциите на МЧР, ќе обезбедат успех и задоволство на работното место на давателите на јавни услуги во ЦСР.

Независна варијабла: ***Селекција на човечките ресурси***

Индикатори: Искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 25, 26 и 27 од анкетниот прашалник.

Зависна варијабла: ***Успех и задоволство на работното место***

Индикатори: Искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 28, 29 и 30 од анкетниот прашалник.

III. АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И ДИСКУСИЈА

3 КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА

Во продолжение се претставени резултатите добиени од спроведеното истражување. Резултатите добиени од испитаниците се соодветни за докажување на секоја од поставените варијабли во хипотетската рамка. Сите прашалници се коректно пополнети согласно упатството за пополнување, при што се земени во предвид во анализите направени во интерес на докажување на поставените хипотези.


Во првиот дел од анкетниот прашалник се поставени демографски прашања за испитаниците кој вклучуваат прашања за пол, возраст, степен на образование и остварен работен стаж.

Структурата на примерокот го сочинуваат 50 испитаници од кои 18 припадници на машкиот пол или 36% и 32 припаднички од женскиот пол или 63%. Визуелно тоа е претставено со графикон бр. 1.

Табела бр. 1 – Одговори на прашање бр. 1

Изберете го вашиот пол			
ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 1	**А**	**Б**	**ВКУПНО**
	18	32	50
	36%	63%	100%

Графикон 1: Изберете го вашиот пол




Извор: *Сопствено истражување на авторот*

На второто прашање од анкетниот прашалник, кое гласи: ***Изберете ја вашата возраст***, одговориле до 30 години - 7 испитаници или 14%, од 31-40 одговориле 18 или 36% од испитаниците, од 41-50 одговориле 14 испитаници или 28% и над 51 година одговориле 11 испитаници или 22%. Визуелно тоа е претставено со графикон бр. 2.

Табела бр. 2 – Одговори на прашање бр. 2

Изберете ја вашата возраст					
	ОДГОВОРИ				
ПРАШАЊЕ БР. 2	**А**	**Б**	**В**	**Г**	**ВКУПНО**
	7	18	14	11	50
	14%	36%	28%	22%	100%

Графикон 2: Изберете ја вашата возраст




Извор: *Сопствено истражување на авторот*

На третото прашање од анкетниот прашалник, кое гласи: ***Изберете го вашиот степен на образование,*** одговориле дека 2 испитаници имаат средно образование или 4%, со висока школска подготовка се 9 испитаници или 18%, со високо образование се 28 испитаници или 56%, со магистерски студии се 10 испитаници или 20%, додека докторски студии е само 1 испитаник со 2%. Визуелно тоа е претставено со графикон бр. 3.

Табела бр. 3 – Одговори на прашање бр. 3

Изберете го вашиот степен на образование						
	ОДГОВОРИ					
ПРАШАЊЕ БР. 3	**А**	**Б**	**В**	**Г**	**Д**	**ВКУПНО**
	2	9	28	10	1	50
	4%	18%	56%	20%	2%	100%

Графикон 3: Изберете го вашиот степен на образование




Извор: *Сопствено истражување на авторот*

На четвртото прашање од анкетниот прашалник, кое гласи: ***Изберете го вашиот работен стаж,*** одговориле дека 5 испитаници имаат од 0-5 г. или 12%, со 6-15 години стаж поседуваат 10 испитаници или 25%, со 16-25 години стаж се 26 испитаници или 40% и над 26 години стаж се 9 испитаници или 23%. Визуелно тоа е претставено со графикон бр. 4.

Табела бр. 4 – Одговори на прашање бр. 4

Изберете го вашиот работен стаж					
	ОДГОВОРИ				
ПРАШАЊЕ БР. 4	**А**	**Б**	**В**	**Г**	**ВКУПНО**
	5	10	26	9	50
	12%	25%	40%	23%	100%

Графикон 4: Изберете го вашиот работен стаж



Извор: *Сопствено истражување на авторот*


Следните 3 прашања од анкетниот прашалник се вбројуваат во категоријата која гласи: ***Реално спроведување на МЧР практики.*** Петтото прашање по ред гласи: **МЧР во ЦСР реално ги спроведува менаџерските функции, како: планирање на човечките ресурси, организирање, насочување и контролирање.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 34 испитаници, што претставува 68% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 12 испитаници, што претставува 24% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 4 испитаници, што претставува 8% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 5.

Табела бр. 5. – Одговори на прашање бр. 5.

МЧР во ЦСР реално ги спроведува менаџерските функции, како: планирање на човечките ресурси, организирање, насочување и контролирање.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 5.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	34	12	4	50
	68%	24%	8%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.5.

Графикон 5: МЧР во ЦСР реално ги спроведува менаџерските функции, како: планирање на човечките ресурси, организирање, насочување и контролирање.



Извор: *Сопствено истражување на авторот*

Шестото прашање по ред гласи: **МЧР во ЦСР реално ги спроведува оперативните функции, како: регрутирање и селекција, анализа и дизајн на работно место, проценка на успешност, обука и развој, администрација на надоместок и плата, благосостојба на вработените, одржување, работни односи, персонално истражување и евиденција.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА 30 испитаници, што претставува 60% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 15 испитаници, што претставува 30% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 5 испитаници, што претставува 10% од испитаниците.


Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 6.

Табела бр. 6 – Одговори на прашање бр. 6.

МЧР во ЦСР реално ги спроведува оперативните функции, како: регрутирање и селекција, анализа и дизајн на работно место, проценка на успешност, обука и развој, администрација на надоместок и плата, благосостојба на вработените, одржување, работни односи, персонално истражување и евиденција.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 6	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	30	15	5	50
	60%	30%	10%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр. 6.

Графикон 6: МЧР во ЦСР реално ги спроведува оперативните функции, како: регрутирање и селекција, анализа и дизајн на работно место, проценка на успешност, обука и развој, администрација на надоместок и плата, благосостојба на вработените, одржување, работни односи, персонално истражување и евиденција.



Седмото прашање гласи: **МЧР во ЦСР реално ги спроведува советничките функции, како: совети за топ менаџментот и совети за раководители на оддели.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 35 испитаници, што претставува 70% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 11 испитаници, што

претставува 22% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 4 испитаници, што претставува 8% од испитаниците.


Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 7.

Табела бр. 7 – Одговори на прашање бр. 7

МЧР во ЦСР реално ги спроведува советничките функции, како: совети за топ менаџментот и совети за раководители на оддели.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 7.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	35	11	4	50
	70%	22%	8%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.7.

Графикон 7: МЧР во ЦСР реално ги спроведува советничките функции, како: совети за топ менаџментот и совети за раководители на оддели.



Следните 3 прашања од анкетниот прашалник се вбројуваат во категоријата која гласи: ***Стратешки цели на ЦСР.*** Осмото прашање гласи: **ЦСР успешно спроведува социјална превенција, социјални услуги и лиценцирање на стручен**


кадар во социјалната заштита. На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 25 испитаници, што претставува 50% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 18 испитаници, што претставува 36% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 7 испитаници, што претставува 14% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 8.

Табела бр. 8 – Одговори на прашање бр. 8

ЦСР успешно спроведува социјална превенција, социјални услуги и лиценцирање на стручен кадар во социјалната заштита.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 8.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	25	18	7	40
	50%	36%	14%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.8.

Графикон 8: ЦСР успешно спроведува социјална превенција, социјални услуги и лиценцирање на стручен кадар во социјалната заштита.




Деветото прашање гласи: **ЦСР работи според правната и институционалната рамка на системот на социјална заштита во Република Северна Македонија.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 36 испитаници, што претставува 72% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 12 испитаници, што претставува 24% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 2 испитаници, што претставува 4% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 9.

Табела бр.9 – Одговори на прашање бр. 9

ЦСР работи според правната и институционалната рамка на системот на социјална заштита во Република Северна Македонија.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 9.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	36	12	2	50
	72%	24%	4%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.9.

Графикон 9: ЦСР работи според правната и институционалната рамка на системот на социјална заштита во Република Северна Македонија.




Десетото прашање гласи: **Анализата на податоците за соработка на релевантните актери на локално ниво покажува недостаток на ефективни партнерства на стратешко и оперативно ниво.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 26 испитаници, што претставува 52% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 13 испитаници, што претставува 26% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 11 испитаници, што претставува 22% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 10.

Табела бр. 10 – Одговори на прашање бр. 10

Анализата на податоците за соработка на релевантните актери на локално ниво покажува недостаток на ефективни партнерства на стратешко и оперативно ниво.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 10.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	26	13	11	50
	52%	26%	22%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.10.

Графикон 10: Анализата на податоците за соработка на релевантните актери на локално ниво покажува недостаток на ефективни партнерства на стратешко и оперативно ниво.




Следните прашања спаѓаат во категоријата: ***Квалитет на услуги на ЦСР.*** Единаесетото прашање гласи: **МЧР ги насочува на вработените во ЦСР со цел да пружаат услуги на професионален начин.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 33 испитаници, што претставува 66% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 10 испитаници, што претставува 20% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 7 испитаници, што претставува 14% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 11.

Табела бр.11– Одговори на прашање бр. 11

МЧР ги насочува на вработените во ЦСР со цел да пружаат услуги на професионален начин. **ОДГОВОРИ**				
ПРАШАЊЕ БР. 11	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	33	10	7	50
	66%	20%	14%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.11.

Графикон 11: МЧР ги насочува на вработените во ЦСР со цел да пружаат услуги на професионален начин.




Дванаесетото прашање гласи: **МЧР инвестира во мотивирање на вработените за да станат рефлексивни стручни лица, тимски работници ориентирани кон обезбедување услуги на високо ниво.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 24 испитаници, што претставува 48% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 17 испитаници, што претставува 34% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 9 испитаници, што претставува 18% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 12.

Табела бр. 12 – Одговори на прашање бр. 12

МЧР инвестира во мотивирање на вработените за да станат рефлексивни стручни лица, тимски работници ориентирани кон обезбедување услуги на високо ниво.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 12	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	24	17	9	50
	48%	34	18%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.12.

Графикон 12: МЧР инвестира во мотивирање на вработените за да станат рефлексивни стручни лица, тимски работници ориентирани кон обезбедување услуги на високо ниво.




Тринасетото прашање гласи: **МЧР води евиденција за работните перформанси на вработените.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 17 испитаници, што претставува 34% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 20 испитаници, што претставува 40% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 13 испитаници, што претставува 26% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 13.

Табела бр. 13. – Одговори на прашање бр. 13.

МЧР води евиденција за работните перформанси на вработените.				
ОДГОВОРИ				
ПРАШАЊЕ БР. 13.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	17	20	13	50
	34%	40%	26%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.13.

Графикон 13: МЧР води евиденција за работните перформанси на вработените.




Следните пршања се дел од категоријата: ***Обука на човечките ресурси.*** Четиринаесетото прашање гласи: **Секој вработен во ЦСР добива обука која му е потребна за надградување на актуелните перформанси.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 28 испитаници, што претставува 56% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 19 испитаници, што претставува 38% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 3 испитаници, што претставува 6% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 14.

Табела бр. 14 – Одговори на прашање бр. 14

Секој вработен во ЦСР добива обука која му е потребна за надградување на актуелните перформанси.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 14.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	28	19	3	50
	56%	38%	6%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.14.

Графикон 14: Секој вработен во ЦСР добива обука која му е потребна за надградување на актуелните перформанси.




Петнаесетото прашање гласи: **По враќање од обука вработените ги користат новите стекнати вештини во работата.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 28 испитаници, што претставува 56% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 12 испитаници, што претставува 24% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 10 испитаници, што претставува 20% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 15.

Табела бр. 15 – Одговори на прашање бр. 15

По враќање од обука вработените ги користат новите стекнати вештини во работата.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 15.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	28	12	10	50
	56%	24%	20%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.15.

Графикон 15: По враќање од обука вработените ги користат новите стекнати вештини во работата.




Шестнаесетото прашање гласи: **После обуката вработените имаат надградени таленти.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 30 испитаници, што претставува 60% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 15 испитаници, што претставува 30% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 5 испитаници, што претставува 10% од испитаниците.Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 16.

Табела бр. 16 – Одговори на прашање бр. 16

После обуката вработените имаат надградени таленти.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 16.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	30	15	5	50
	60%	30%	10%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр. 16.

Графикон 16: После обуката вработените имаат надградени таленти.




Следната категорија прашања гласи: ***Успех во работни задачи и квалитет на услуги.*** Седумнаесетото прашање гласи: **Вработените во ЦСР имаат поголема продуктивност во работата.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 10 испитаници, што претставува 62% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 13 испитаници, што претставува 26% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 6 испитаници, што претставува 12% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 17.

Табела бр. 17 – Одговори на прашање бр. 17

Вработените во ЦСР имаат поголема продуктивност во работата. **ОДГОВОРИ**				
ПРАШАЊЕ БР. 17.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	31	13	6	50
	62%	26%	12%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.17.

Графикон 17: Вработените во ЦСР имаат поголема продуктивност во работата.




Осумнаесетото прашање гласи: **Вработените во ЦСР ефикасно ги извршуваат своите работни задачи.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 23 испитаници, што претставува 46% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 18 испитаници, што претставува 36% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 9 испитаници, што претставува 18% од испитаниците.Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 18.

Табела бр. 18 – Одговори на прашање бр. 18

Вработените во ЦСР ефикасно ги извршуваат своите работни задачи. **ОДГОВОРИ**				
ПРАШАЊЕ БР. 18.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	23	18	9	50
	46%	36%	18%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.18.

Графикон 18: Вработените во ЦСР ефикасно ги извршуваат своите работни задачи.




Деветнаесетото прашање гласи: **Менаџерите треба да покажат поголема почит кон постигнатите резултати на вработените за да се постигне поголема продуктивност во работата.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 19 испитаници, што претставува 38% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 20 испитаници, што претставува 40% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 11 испитаници, што претставува 22% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 19.

Табела бр. 19 – Одговори на прашање бр. 19

Менаџерите треба да покажат поголема почит кон постигнатите резултати на вработените за да се постигне поголема продуктивност во работата.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 19.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	19	20	11	50
	38%	40%	22%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.19.

Графикон 19: Менаџерите треба да покажат поголема почит кон постигнатите резултати на вработените за да се постигне поголема продуктивност во работата.




Следните прашања се дел од категоријата: ***Развој на човечките ресурси***. Дваесеттото прашање гласи: **Високо талентираните поединци во ЦСР континуирано го градат кариерниот и професионалниот развој.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 15 испитаници, што претставува 30% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 20 испитаници, што претставува 40% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 15 испитаници, што претставува 30% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 20.

Табела бр. 20 – Одговори на прашање бр. 20

Високо талентираните поединци во ЦСР континуирано го градат кариерниот и професионалниот развој. **ОДГОВОРИ**				
ПРАШАЊЕ БР. 20.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	15	20	15	50
	30%	40%	30%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.20.

Графикон 20: Високо талентираните поединци во ЦСР континуирано го градат кариерниот и професионалниот развој.




Дваесет и првото прашање гласи: **Развојот преку едукација и обуки, овозможува да ги применуваме своите лични силни страни и слабости за поефикасно да ги извршуваме своите работни задачи.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 25 испитаници, што претставува 50% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 19 испитаници, што претставува 38% од испитаниците и со В) НЕ одговориле62 испитаници, што претставува 12% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 21.

Табела бр. 21 – Одговори на прашање бр. 21

Развојот преку едукација и обуки, овозможува да ги применуваме своите лични силни страни и слабости за поефикасно да ги извршуваме своите работни задачи.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 21.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	25	19	6	50
	50%	38%	12%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.21.

Графикон 21: Развојот преку едукација и обуки, овозможува да ги применуваме своите лични силни страни и слабости за поефикасно да ги извршуваме своите работни задачи.




Дваесет и второто прашање гласи: **Менаџментот ни помага во усовршувањето на професионалниот развој.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 38 испитаници, што претставува 76% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 6 испитаници, што претставува 12% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 6 испитаници, што претставува 12% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 22.

Табела бр. 22 – Одговори на прашање бр. 22

Менаџментот ни помага во усовршувањето на професионалниот развој. **ОДГОВОРИ**				
ПРАШАЊЕ БР. 22.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	38	6	6	50
	76%	12%	12%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.22.

Графикон 22: Менаџментот ни помага во усовршувањето на професионалниот развој.




Следната група на прашања припаѓаат на категоријата ***Организациски цели на ЦСР.*** Дваесет и третото прашање гласи: **ЦСР обезбедува ефикасност, ефективност и квалитет на услугите.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 22 испитаници, што претставува 44% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 20 испитаници, што претставува 40% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 8 испитаници, што претставува 16% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 23.

Табела бр. 23 – Одговори на прашање бр. 23.

ЦСР обезбедува ефикасност, ефективност и квалитет на услугите. **ОДГОВОРИ**				
ПРАШАЊЕ БР. 23.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	22	20	8	50
	44%	40%	16%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.23.

Графикон 23: ЦСР обезбедува ефикасност, ефективност и квалитет на услугите.




Дваесет и четвртото прашање гласи: **Постои потреба од креирање на локални социјални политики и поактивна вклученост на општините во стратешко планирање на активностите од социјална заштита на локално ниво.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 39 испитаници, што претставува 78% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 10 испитаници, што претставува 20% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 1 испитаници, што претставува 2% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 24.

Табела бр. 24 – Одговори на прашање бр. 24.

Постои потреба од креирање на локални социјални политики и поактивна вклученост на општините во стратешко планирање на активностите од социјална заштита на локално ниво.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 24.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	39	10	1	50
	78%	20%	2%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.24.

Графикон 24: Постои потреба од креирање на локални социјални политики и поактивна вклученост на општините во стратешко планирање на активностите од социјална заштита на локално ниво.




Дваесет и петтото прашање гласи: **Разбирањето на важноста на меѓународната соработка помага кон идентификување на проблемите во институцијата.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 23 испитаници, што претставува 46% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 17 испитаници, што претставува 34% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 10 испитаници, што претставува 20% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 25.

Табела бр. 25 – Одговори на прашање бр. 25

Разбирањето на важноста на меѓународната соработка помага кон идентификување на проблемите во институцијата.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 25.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	23	17	10	50
	46%	34%	20%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.25.

Графикон 25: Разбирањето на важноста на меѓународната соработка помага кон идентификување на проблемите во институцијата.




Следната категорија на прашања носи наслов - ***Регрутирање на човечките ресурси.*** Дваесет и шестото прашање гласи: **Човечките ресурси се регрутираат според потребната стручност и професионалност.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 29 испитаници, што претставува 58% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 15 испитаници, што претставува 30% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 6 испитаници, што претставува 12% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 26.

Табела бр. 26 – Одговори на прашање бр. 26

Човечките ресурси се регрутираат според потребната стручност и професионалност. **ОДГОВОРИ**				
ПРАШАЊЕ БР. 26.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	29	15	6	50
	58%	30%	12%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.26.

Графикон 26: Човечките ресурси се регрутираат според потребната стручност и професионалност.




Дваесет и седмото прашање гласи: **Во ЦСР се ангажираат стручни работници според нивните образовни и работни компетенции.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 27 испитаници, што претставува 54% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 20 испитаници, што претставува 40% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 3 испитаници, што претставува 6% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 27.

Табела бр. 27 – Одговори на прашање бр. 27

Во ЦСР се ангажираат стручни работници според нивните образовни и работни компетенции.				
ОДГОВОРИ				
ПРАШАЊЕ БР. 27.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	27	20	3	50
	54%	40%	6%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.27.

Графикон 27: Во ЦСР се ангажираат стручни работници според нивните образовни и работни компетенции.




Дваесет и осмото прашање гласи: **Потребна е реорганизација на работните места во ЦСР.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 22 испитаници, што претставува 44% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 12 испитаници, што претставува 24% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 16 испитаници, што претставува 32% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 28.

Табела бр. 28 – Одговори на прашање бр. 28

Потребна е реорганизација на работните места во ЦСР.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 28	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	22	12	16	50
	44%	24%	32%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.28.

Графикон 28: Потребна е реорганизација на работните места во ЦСР.




Следната категорија на прашања носи наслов - ***Селекција на човечките ресурси.*** Дваесет и деветото прашање гласи: **Селекционите напори треба да бидат директно поврзани со стратешките цели на организацијата.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 24 испитаници, што претставува 48% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 21 испитаници, што претставува 42% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 5 испитаници, што претставува 10% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 29.

Табела бр. 29 – Одговори на прашање бр. 29

Селекционите напори треба да бидат директно поврзани со стратешките цели на организацијата.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 29.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	24	21	5	50
	48%	42%	10%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.29.

Графикон 29: Селекционите напори треба да бидат директно поврзани со стратешките цели на организацијата.




Триесетото прашање гласи: **Со успешно изведена селекција се вработува кандидат кој ефикасно и одговорно ќе ги извршува сите задачи во согласност со критериумите и правилата утврдени од самата институција.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 20 испитаници, што претставува 40% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 18 испитаници, што претставува 36% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 12 испитаници, што претставува 24% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 30.

Табела бр. 30 – Одговори на прашање бр. 30

Со успешно изведена селекција се вработува кандидат кој ефикасно и одговорно ќе ги извршува сите задачи во согласност со критериумите и правилата утврдени од самата институција.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 30.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	20	18	12	50
	40%	36%	24%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.30.

Графикон 30: *Со успешно изведена селекција се вработува кандидат кој ефикасно и одговорно ќе ги извршува сите задачи во согласност со критериумите и правилата утврдени од самата институција.*




Триесет и првото прашање гласи: **Тестирањето како метод на евалуација и оценување има за цел попрецизно да ја одреди способноста на кандидатот да ги задоволи барањата на одредени работни места и на тој начин да обезбеди соодветен професионален избор на вработените.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 35 испитаници, што претставува 70% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 11 испитаници, што претставува 22% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 4 испитаници, што претставува 8% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 31.

Табела бр. 31 – Одговори на прашање бр. 31

Тестирањето како метод на евалуација и оценување има за цел попрецизно да ја одреди способноста на кандидатот да ги задоволи барањата на одредени работни места и на тој начин да обезбеди соодветен професионален избор на вработените.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 31.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	35	11	4	40
	70%	22%	8%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.31.

Графикон 31: Тестирањето како метод на евалуација и оценување има за цел попрецизно да ја одреди способноста на кандидатот да ги задоволи барањата на одредени работни места и на тој начин да обезбеди соодветен професионален избор на вработените.




Следната категорија прашања гласи: ***Успех и задоволство на работното место.*** Триесет и второто прашање гласи: **Одржувањето на бројот, квалитетот и задоволството на јавните службеници е постојана и главна функција на МЧР во ЦСР.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 10 испитаници, што претставува 62% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 13 испитаници, што претставува 26% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 6 испитаници, што претставува 12% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 32.

Табела бр. 32 – Одговори на прашање бр. 32

Одржувањето на бројот, квалитетот и задоволството на јавните службеници е постојана и главна функција на МЧР во ЦСР. **ОДГОВОРИ**				
ПРАШАЊЕ БР. 32.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	31	13	6	50
	62%	26%	12%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.32.

Графикон 32: Одржувањето на бројот, квалитетот и задоволството на јавните службеници е постојана и главна функција на МЧР во ЦСР.




Триесет и третото прашање гласи: **Доколку се зголемат платите ќе се постигне поголема продуктивност во работата, а вработените ќе бидат мотивирани за нови цели и успеси.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 19 испитаници, што претставува 38% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 20 испитаници, што претставува 40% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 11 испитаници, што претставува 22% од испитаниците. Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 33.

Табела бр. 33 – Одговори на прашање бр. 33

Доколку се зголемат платите ќе се постигне поголема продуктивност во работата, а вработените ќе бидат мотивирани за нови цели и успеси.				
	ОДГОВОРИ			
ПРАШАЊЕ БР. 33.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	19	20	11	50
	38%	40%	22%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.33.

Графикон 33: Доколку се зголемат платите ќе се постигне поголема продуктивност во работата, а вработените ќе бидат мотивирани за нови цели и успеси.




Триесет и четвртото прашање гласи: **Потребно е да се подобрат меѓучовечките односи меѓу вработените во организацијата.** На ова прашање испитаниците одговориле со: А) ДА одговориле 23 испитаници, што претставува 46% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 18 испитаници, што претставува 36% од испитаниците и со В) НЕ одговориле 9 испитаници, што претставува 18% од испитаниците.Табеларен приказ на добиените одговори има во табела 34.

Табела бр. 34 – Одговори на прашање бр. 34

Потребно е да се подобрат меѓучовечките односи меѓу вработените во организацијата. **ОДГОВОРИ**				
ПРАШАЊЕ БР. 34.	**А**	**Б**	**В**	**ВКУПНО**
	23	18	9	50
	46%	36%	18%	100%

Визуелно тоа е претставено со графикон бр.34.

Графикон 34: Потребно е да се подобрат меѓучовечките односи меѓу вработените во организацијата.



3.1 Квалитативна анализа и доказ на хипотезите

За да се направи соодветно потврдување и докажување на зададените хипотези и поставените прашања направена е квалитативна анализа на добиените резултати од истражувањето. За оваа цел добиените одговори се групирани според индикаторите од кои произлегле и се соодветно бодирани и пресметани. Бодирањето и пресметувањето е извршено на така што: секој одговор под А) добива 3 бода, секој одговор под Б) добива 2 бода и секој одговор под В) добива 1 бод. Максималниот број бодови кои можат да произлезат од едно прашање (под претпоставка, дека сите испитаници одговориле со одговор под А), ќе биде износот од бројот на испитаници помножен со 3, а минималниот ќе биде износот од бројот на испитаници помножен со 1 (под претпоставка дека сите испитаници одговориле со В).

Добиените бодови се делат со бројот на испитаници така што ќе се добие аритметичка средина за конкретното прашање.

За пресметување на варијаблите на секоја хипотеза, вкупниот број бодови од прашањата кои ги сочинуваат индикаторите на конкретната хипотеза се собираат и се делат со бројот на прашања. За докажување на хипотезата, се споредуваат добиените вредности од соодветната независна со соодветната зависна варијабла. Се пресметува аритметичка средина на секое прашање, а потоа и на секоја истражувана варијабла. Резултатот може да се движи од минимум 1 до максимум 3. Ако аритметичката средина е поголема од 2,0 варијаблата хипотезата се потврдува, а ако аритметичката средина е помала од 2,0 варијаблата таа се отфрла. Додека ако зависната и независната варијабла од една хипотеза се потврдуваат тогаш хипотезата се потврдува. Исто така, ако зависната и независната варијабла од една хипотеза се отфрлаат повторно хипотезата се докажува.

Генералната хипотеза поставена во истражувањето гласи: *Примената на реален, наместо декларативен МЧР, влијае врз зголемувањето на ефективноста, ефикасноста на работењето на Јавната администрација и квалитетот на услугите на ЦСР.*

За докажување на Генералната хипотеза поставени се три посебни хипотези, а од секоја посебна хипотеза произлегуваат по две поединечни хипотези.

ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 1

Со цел потврдување или отфрлање на тврдењето од Посебна хипотеза 1 која гласи: *Примената на функциите и практиките на МЧР придонесуваат за успешно остварување на целите на ЦСР*, анализирани се резултати добиени од индикаторите на Поединечната хипотеза 1.1 и Поединечната хипотеза 1.2, добиени преку анкетниот прашалник за вработените.

Поединечна хипотеза 1.1

Тврдењата на варијаблите на Поединечната хипотеза 1.1 која гласи: *Постои поврзаност помеѓу реалното спроведување на МЧР практиките и остварувањето на стратешките цели на ЦСР*, ќе се потврдат или отфрлат преку анализирање на резултатите од Независната варијабла 1.1 и Зависната варијабла 1.1.

Независна варијабла 1.1

Независната варијабла 1.1 е насловена како ***Реално спроведување на МЧР практики.*** Индикаторите на Независната варијабла 1.1 од Поединечната хипотеза 1.1 искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 1, 2, и 3 од анкетниот прашалник.

Добиените одговори од вработените се вкупно анализирани за доказ на Независната варијабла 1.1. По анализа на податоците добиени од овие индикатори е добиена аритметичка средина 2,57. Резултатот е визуелно прикажан на графиконот број 35.




График бр. 35 – Независна варијабла 1.1: ***Реално спроведување на МЧР практики***

Зависна варијабла 1.1

Зависната варијабла 1.1 од Поединечната хипотеза 1.1 е насловена како ***Стратешки цели на ЦСР.*** Индикатори на Зависната варијабла 1.1 од Поединечната хипотеза се исказите на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 4,5 и 6 од анкетниот прашалник.


По анализа на податоците добиени од овие индикатори е добиена аритметичка средина, која изнесува 2,38. Резултатот визуелно е прикажан на графикон број 36.



Графикон бр. 36 – Зависна варијабла 1.1: ***Стратешки цели на ЦСР.***

Доказ на Поединечна хипотеза 1.1

Со цел подобро да се воочат резултатите од двете претходни анализи, податоците на Независната варијабла 1.1 и Зависната варијабла 1.1 од Поединечната хипотеза 1.1 уште еднаш се споредбено прикажани на графиконот број 37.



Графикон бр. 37 – Доказ на Поединечна хипотеза 1.1


По анализа на податоците од Независната варијабла 1.1 и Зависната варијабла 1.1 и споредбата на добиените резултати од 2,57 и 2,38 кои притоа се наоѓаат во полето над 2,0, посочено за потребен резултат за доказ на хипотезите, заклучуваме дека се потврдуваат тврдењата за поединечната хипотеза 1.1, *Постои поврзаност помеѓу реалното спроведување на МЧР практиките и остварувањето на стратешките цели на ЦСР*, односно истата е докажана.

Поединечна хипотеза 1.2

Тврдењата на Поединечната хипотеза 1.2 која гласи*: Постои поврзаност помеѓу реалното спроведување на МЧР практиките и квалитетот на услугите на ЦСР,* ќе се потврдат или отфрлат преку анализирање на резултатите од Независната варијабла 1.2 и Зависната варијабла 1.2.

Независна варијабла 1.2

Независната варијабла 1.2 е насловена како ***Реално спроведување на МЧР практики.*** Како индикатори на оваа варијабла се јавуваат искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 1, 2, и 3 од анкетниот прашалник. Индикаторите се пресметани со аритметичка средина во вредност од 2.57. Резултатот е визуелно прикажан на графикон број 38.




Графикон бр. 38 – Независна варијабла 1.2: ***Реално спроведување на МЧР практики.***

Зависна варијабла 1.2

Зависната варијабла 1.2 е насловена како ***Квалитет на услуги на ЦСР.*** Индикатори за Зависната варијабла 1.2 од Поединечната хипотеза 1.2 се исказите на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 7, 8 и 9 од анкетниот прашалник.


По анализа на податоците добиени од овие индикатори е добиена аритметичка средина 2.3. Резултатот е визуелно прикажан на графикон број 39.



Графикон бр. 39 – Зависна варијабла 1.2: ***Квалитет на услуги на ЦСР.***

Доказ на Поединечна хипотеза 1.2

Со цел подобро да се воочат резултатите од двете претходно направени анализи, податоците за Независната варијабла 1.2 и Зависната варијабла 1.2 од Поединечната хипотеза 1.2 споредбено се прикажани на графиконот број 40.



Графикон бр. 40 – Доказ на Поединечна хипотеза 1.2

По анализа на сите податоци од Независната варијабла 1.2 и Зависната варијабла 1.2 и споредбата на добиените резултати од 2,57 и 2,3 кои се наоѓаат во полето на 2,0 посочено за потребен резултат за доказ на хипотезите, заклучуваме дека Поединечната хипотеза 1.2, *Постои поврзаност помеѓу реалното спроведување на МЧР практиките и квалитетот на услугите на ЦСР* е потврдена, односно истата е докажана.

Доказ на Посебна хипотеза 1

По доказот на Поединечната хипотеза 1.1 и Поединечната хипотеза 1.2 можеме да заклучиме дека Посебната хипотеза 1, Примената на функциите и практиките на МЧР придонесуваат за успешно остварување на целите на ЦСР, е докажана.

ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 2

Заради потврдување или отфрлање на тврдењата од Посебната хипотеза 2 која гласи: *Ако ЦСР се соодветно екипирани со професионални и обучени ЧР, тие ќе можат да нудат поефикасни и поквалитетни услуги,* анализирани се резултатите добиени преку индикаторите на Поединечната хипотеза 2.1 и Поединечната хипотеза 2.2 кои се добиени преку спроведениот анкетен прашалник.


Поединечна хипотеза 2.1

Тврдењата на Поединечната хипотеза 2.1, која гласи*: Професионални и добро обучени кадри поуспешно ги завршуваат работните задачи и го подобруваат квалитетот на услугите,* ќе се потврдат или отфрлат преку анализирање на резултатите од Зависната варијабла 2.1 и Независната варијабла 2.1.

Независна варијабла 2.1

Независната варијабла 2.1 од Поединечната хипотеза 2.1 е насловена како ***Обука на човечките ресурси.*** Како индикатори на оваа варијабла се јавуваат искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 10,11 и 12 од анкетниот прашалник.

Индикаторите се пресметани со аритметичка средина во вредност од 2,45. Резултатот е визуелно прикажан на графикон број 41.




Графикон бр. 41 – Независна варијабла 2.1: ***Обука на човечките ресурси.***

Зависна варијабла 2.1

Зависната варијабла 2.1 од Поединечната хипотеза 2.1 е насловена како ***Успех во работни задачи и квалитет на услуги.*** За нејзино докажување се користени исказите на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 13, 14 и 15 од анкетниот прашалник.


По анализа на податоците добиени од овие индикатори е добиена аритметичка средина 2,31. Резултатот е визуелно прикажан на графикон број 42.



Графикон бр. 42 – Зависна варијабла 2.1: ***Успех во работни задачи и квалитет на услуги***

Доказ на Поединечна хипотеза 2.1

Со цел да се воочат резултатите од двете претходни анализи, податоците на Независната варијабла 2.1 и Зависната варијабла 2.1 од Поединечната хипотеза 2.1 споредбено се прикажани на графиконот број 43.



Графикон бр. 43 – Доказ на Поединечна хипотеза 2.1

По анализа на сите податоци од Независната варијабла 2.1 и Зависната варијабла 2.1 и споредбата на резултатите од 2.45 и 2.31 кои се наоѓаат во полето над 2,0 посочено за потребен резултат за доказ на хипотезите, заклучуваме дека Поединечната хипотеза 2.1, *Професионални и добро обучени кадри поуспешно ги завршуваат работните задачи и го подобруваат квалитетот на услугите*, е потврдена, односно е докажана.


Поединечна хипотеза 2.2

Тврдењето на поединечната хипотеза 2.2, која гласи: *Континуираните обука и развој на вработените во ЦСР обезбедуваат постигнување на организационите цели на ЦСР,* ќе се потврди или отфрли преку анализирање на резултатите од Независната варијабла 2.2 и Зависната варијабла 2.2.

Независна варијабла 2.2

Независната варијабла 2.2 е насловена како ***Развој на човечките ресурси.*** Како индикатори на оваа варијабла се јавуваат искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 16, 17 и 18 од анкетниот прашалник.

Индикаторите се пресметани со аритметичка средина во вредност од 2,34. Резултатите визуелно се претставени на графикон број 44.




Графикон бр. 44 – Независна варијабла 2.2: ***Развој на човечките ресурси***

Зависна варијабла 2.2

Зависната варијабла 2.2 е насловена како ***Организациски цели на ЦСР.*** За нејзино докажување се користени искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 19, 20 и 21 од анкетниот прашалник.

По анализа на податоците добиени од овие индикатори, е добиена аритметичка средина 2,43. Резултатите се визуелно претставени на графикон број 45.



Графикон бр. 45 – Зависна варијабла 2.2: ***Организациски цели на ЦСР.***

Доказ на Поединечната хипотеза 2.2

Со цел подобро да се воочат резултатите од двете претходни анализи, податоците на Независната варијабла 2.2 и Зависната варијабла 2.2 од Поединечната хипотеза 2.2 споредбено се прикажани на графикон број 46.



Графикон бр. 46 – Доказ на Поединечна хипотеза 2.2

По анализа на сите добиени податоци од Независната варијабла 2.2 и Зависната варијабла 2.2 и спроведувањето на добиените резултати од 2,34 и 2,43 кои се наоѓаат во полето на 2,0 посочено за потребен резултат за доказ на хипотезите, заклучуваме дека Поединечната хипотеза 2.2, Континуираните обука и развој на вработените во ЦСР обезбедуваат постигнување на организационите цели на ЦСР е потврдена, односно докажана.

Доказ на Посебна хипотеза 2

Со потврдувањето на Поединечната хипотеза 2.1 и Поединечната хипотеза 2.2 можеме да заклучиме дека тврдењето на Посебната хипотеза 2 која гласи: Ако ЦСР се соодветно екипирани со професионални и обучени ЧР, тие ќе можат да нудат поефикасни и поквалитетни услуги, во целост се потврдува и докажува.

ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 3

Заради потврдување или отфрлање на тврдењата од Посебната хипотеза 3 која гласи: *Правилната селекција на ЧР е поврзана со ефикасноста и успешноста на функционирањето на ЦСР,* анализирани се резултатите добиени преку индикаторите на Поединечната хипотеза 3.1 и Поединечната хипотеза 3.2 кои се добиени преку спроведениот анкетен прашалник.


Поединечна хипотеза 3.1

Тврдењата на Поединечната хипотеза 3.1, која гласи*: Со вработување на вистинските, компетентни луѓе на вистинското место ќе се осигура успехот во остварувањето на стратешките цели и квалитетот на услугите на ЦСР,* ќе се потврдат или отфрлат преку анализирање на резултатите од Зависната варијабла 3.1 и Независната варијабла 3.1.

Независна варијабла 3.1

Независната варијабла 3.1 од Поединечната хипотеза 3.1 е насловена како ***Регрутирање на човечките ресурси***. Како индикатори на оваа варијабла се јавуваат искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 22, 23 и 24 од анкетниот прашалник.

Индикаторите се пресметани со аритметичка средина во вредност од 2,35. Резултатот е визуелно прикажан на графикон број 47.




Графикон бр. 47 – Независна варијабла 3.1: ***Регрутирање на човечките ресурси***.

Зависна варијабла 3.1

Зависната варијабла 3.1 од Поединечната хипотеза 3.1 е насловена како ***Стратешки цели и квалитет на услугите на ЦСР.*** За нејзино докажување се користени исказите на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 4, 5 , 6, 7, 8 и 9 од анкетниот прашалник.


По анализа на податоците добиени од овие индикатори е добиена аритметичка средина 2,38. Резултатот е визуелно прикажан на графикон број 48.



Графикон бр. 48 – Зависна варијабла 3.1: ***Стратешки цели и квалитет на услугите на ЦСР***

Доказ на Поединечна хипотеза 3.1

Со цел да се воочат резултатите од двете претходни анализи, податоците на Независната варијабла 3.1 и Зависната варијабла 3.1 од Поединечната хипотеза 3.1 споредбено се прикажани на графиконот број 49.



Графикон бр. 49 – Доказ на Поединечна хипотеза 3.1

По анализа на сите податоци од Независната варијабла 3.1 и Зависната варијабла 3.1 и споредбата на резултатите од 2.35 и 2.38 кои се наоѓаат во полето над 2,0 посочено за потребен резултат за доказ на хипотезите, заклучуваме дека Поединечната хипотеза 3.1, *Со вработување на вистинските, компетентни луѓе на вистинското место ќе се осигура успехот во остварувањето на стратешките цели и квалитетот на услугите на ЦСР,* е потврдена, односно е докажана.


Поединечна хипотеза 3.2

Тврдењето на поединечната хипотеза 3.2, која гласи: *Правилната селекција и вработување, како дел од функциите на МЧР, ќе обезбедат успех и задоволство на работното место на давателите на јавни услуги во ЦСР*, ќе се потврди или отфрли преку анализирање на резултатите од Независната варијабла 3.2 и Зависната варијабла 3.2.

Независна варијабла 3.2

Независната варијабла 3.2 е насловена како ***Селекција на човечките ресурси***. Како индикатори на оваа варијабла се јавуваат искази на вработените за улогата на

менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 25, 26 и 27 од анкетниот прашалник.
Индикаторите се пресметани со аритметичка средина во вредност од 2,38. Резултатите визуелно се претставени на графикон број 50.




Графикон бр. 50 – Независна варијабла 3.2: ***Селекција на човечките ресурси***.

Зависна варијабла 3.2

Зависната варијабла 3.2 е насловена како ***Успех и задоволство на работното место***. За нејзино докажување се користени искази на вработените за улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, а обезбедено преку прашањата број 28, 29 и 30 од анкетниот прашалник.


По анализа на податоците добиени од овие индикатори, е добиена аритметичка средина 2,31. Резултатите се визуелно претставени на графикон број 51.



Графикон бр. 51 – Зависна варијабла 3.2: ***Успех и задоволство на работното место***

Доказ на Поединечната хипотеза 3.2

Со цел подобро да се воочат резултатите од двете претходни анализи, податоците на Независната варијабла 3.2 и Зависната варијабла 3.2 од Поединечната хипотеза 3.2 споредбено се прикажани на графикон број 52.



Графикон бр. 52 – Доказ на Поединечна хипотеза 3.2

По анализа на сите добиени податоци од Независната варијабла 3.2 и Зависната варијабла 3.2 и спроведувањето на добиените резултати од 2,38 и 2,31 кои се наоѓаат во полето на 2,0 посочено за потребен резултат за доказ на хипотезите, заклучуваме дека Поединечната хипотеза 3.2, *Правилната селекција и вработување, како дел од функциите на МЧР, ќе обезбедат успех и задоволство на работното место на давателите на јавни услуги во ЦСР*, е потврдена, односно докажана.

Доказ на Посебна хипотеза 3

Со потврдувањето на Поединечната хипотеза 3.1 и Поединечната хипотеза 3.2 можеме да заклучиме дека тврдењето на Посебната хипотеза 3 која гласи: *Правилната селекција на ЧР е поврзана со ефикасноста и успешноста на функционирањето на ЦСР*, во целост се потврдува и докажува.

Доказ на Генерална хипотеза

По согледувањето на сите податоци и добиени резултати од истражувањето, преку кои се потврдија и докажаа сите шест поставени поединечни хипотези од Посебната хипотеза 1, Посебната хипотеза 2 и Посебната хипотеза 3, слободно можеме да заклучиме дека тврдењето на Генералната хипотеза, која гласи, *Примената на реален, наместо декларативен МЧР, влијае врз зголемувањето на ефективноста, ефикасноста на работењето на Јавната администрација и квалитетот на услугите на ЦСР*, во целост се потврдува по автоматизам.

ЗАКЛУЧОК

Менаџментот на човечки ресурси како израз на нова филозофија и пракса на менаџментот е резултат на забрзаните промени во современиот свет и значењето кое им се придава на луѓето и нивните потенцијали. Човечките ресурси не се само најзначаен ресурс на една организација, туку и најскап и најпроблематичен ресурс и затоа за нив треба да се покажува највисок степен на внимание и интерес. Вработените т.е. кадрите во организацијата, нивната регрутација и селекција, развој, можности како и начинот на кој се управува со нив претставува одлучувачки фактор на конкуретската способност и успехот на организацијата. Менаџментот на човечки ресурси отсекогаш бил предмет на посебен интерес на науката и секојдневна човечка пракса како израз на неопходноста која произлегува од потребата за групен начин на живот и работа. Важно е едно лице во која било организација да може да ги усогласи своите потреби, идеи и очекувања за неговиот заеднички развој. Овој процес не може да се изврши случајно. Тоа е добро осмислена стратегија која, од една страна, придонесува за повисоки перформанси на вработените и од друга страна, доведува до задоволство на вработените. Преку спроведеното истражување се придонесе за разбирање на стратешката важност на човечките ресурси како еден од одлучувачките фактори за успехот на организацијата и во исто време да не запознае со системот на управување и развој на човечките ресурси во ЦСР. Главниот акцент беше ставен на спецификите на управување со човечки ресурси во организациите на услугите за социјална работа, односно ЦСР. Во овој дух, нашиот напор беше да ги претставиме, во рамките на можностите за поддршка на оваа студија, и основните активности на персоналот. Секој социјален работник кој ќе биде на менаџерска позиција треба да може да ја постави вистинската кадровска политика во организацијата. Иако најверојатно длабинското познавање на човечките ресурси некогаш ќе биде на врвот на компетенциите на менаџерите за социјална работа, секогаш ќе биде една од неговите интегрални компетенции и главни задачи да може да го управува и координира системот на човечки ресурси. Покрај знаењето за човечките ресурси, тие исто така мора да бидат способни да се ориентираат во областа на трудовото право и финансиите.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Ajduković, Marina (2003), Obrazovanje socijalnih radnika: kako dalje? Zagreb: Ljetopis socijalnog rada, Vol. 10, N.1
2. Ajduković, Marina, Branica, Vanja (2006), Počeci socijalnog rada u Hrvatskoj između dva svjetska rata, Ljetopis Studijskog centra socijalnog rada
3. Amstrong, M. (2006). A Handbook of Human Resources Management Practice. London and Philadelphia.
4. Bachmann, P. (2011) Management neziskové organizace. 1. vyd. Hradec Králové: Gaudeamus.
5. Bahtijarević-Šiber, F. (1999). Management ljudskih potencijala. Zagreb: Golden marketing.
6. Banks, S. (2012) Ethics and Values in Social Work. New York: Palgrave Macmilian
7. Braton, J. a. (2007). Human Resource Management 4th ed. Basingstoke: Palgrave McMillan.
8. Capon, N., Farley, J.U., Lehmann, D.R. and Hulbert, J.M. (1992): Profiles of product innovators among large US manufacturers, Management Science, Vol. 38 No. 2
9. Cerović, Z.,(2003), Hotelski menadžment, Fakultet za turistički i hotelski menadžment, Opatija
10. Clyde W.Holsapple (2004): Handbook on Knowledge Management 1 Knowledge Matters, Springer-Verlag Berlin – Heidelberg
11. Commission of the European Communities (2001), Making a European Area of Lifelong Learning a Reality, - http://eurlex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2001:0678:FIN:EN:PDF
12. Council of Europe (2000), Council of Europe Recommendation on Social Workers, - https://rm.coe.int/16804fda79
13. Davidson, M. (1996): The Transformation of Management, Butterworth-Heinemann

14. Domsch M.E. & Hristozova E. (2006), Human Resource Management in Consulting Firms, I.P.A. Institute for Human Resource and International Management Helmut-Schmidt-University Hamburg, Springer Berlin-Heidelberg
15. Elbert C.K.(1989): Third Edition PERSONNEL Human Resources Management, MP Company, Columbus,Ohio Engineering Manager, USA
16. Evans C. (2003):, Managing for Knowledge: HR's Strategic Role, Butterworth-Heinemann An imprint of Elsevier, Oxford, Burlington
17. Glaser J.E. (2005): Creating WE, Platinum Press, an imprint of Adams Media, an F=W Publications Company, Avon USA
18. Hall B.W (2008), The New Human Capital Strategy, AMACOM, New York
19. Hartog J & Van Den BrikH.M. (2007):, Human capital: Advices in Theory and Evidence, Cambridge University Press, Cambridge, New Yourk, Melbourne, Madrid, Capre Town, Singapore, Sao Paulo
20. Harzing A. & Ruysseveldt (2004):, International Human Resource Management, SAGE Publications, London, California, New Delhi
21. http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/NationalProgrammeSocialProtection.pdf
22. https://www.mtsp.gov.mk/institucii-ns_article-centar-za-socijalna-rabota.nspx

23. Janicijevic N. (2002): Organizacione promene i razvoj, Ekonomski fakultet Beograd
24. Kallimullah, A. R., Yaghoubi, N. M., &Moloudi, J., (2010). Survey of Relationship between Organizational Justice and Empowerment (A Case Study). European Journal of Economics, Finance and Administrative Sciences, No.24, p.165-171.
25. Kermally S. (2004): Gurus on managing people, Thorogood Publishing Ltd, London, UK
26. Kossek E.E.& Lambert S.J.(2005):, Work and Life Integration: Organizational, Cultural and Individual Perspectives, Lawrence Erlbaum Associates, Mahwah, New Jersey, London
27. Kulić Ž.,Vasić M., (2007) Menadžment ljudskih resursa, Banja Luka.
28. Leech C., (2005): Positive recruitment and retention. Elsevier Limited, Oxford.
29. Lopp M. (2007): Managing Humans: Biting and Humorous Tales of a Software
30. Martin G. (2006): Managing People and Organizations in Changing Contexts, Elsevier, Oxford, UK
31. Maslow A.H. (2004):, Maslow on Managemen, prevod: Vukic B., Curguz M., Psihologija od menazmentu, Adizes, Novi Sad
32. Milkovich & Boudreau (1988): Personnel HUMAN RESOURCE MANAGEMENT, a diagnostic approach, Fifth edition, BPI IRWIN, Illinois
33. Mullins, L. J., (1999), Management and Organisational Behaviour, 5th edition, Prentice Hall.
34. Pinder, C.C., (1998). Work Motivation in Organizational Behaviour, Upper Saddle River, New York, Prentice Hall.
35. Pržulj Ž., (2002) Menadžment ljudskih resursa, Institut za razvoj malih i srednjih preduzeća, Beograd.
36. Senge M.P.(2004):, The Fifth Discipline: The art and practice of the learning organisation, превод Димиќ С., Адижес МС, Нови Сад
37. Senge,M.P. (1994). The Fifth Discipline: The Art and Practice of the Learning Organization. New York: Doubleday
38. Shadare, O. A., & Hammed, T. A. (2009). Influence of work motivation, leadership effectiveness and time management on employees' performance in some selected industries in Ibadan, Oyo State, Nigeria, European Journal of Economics, Finance and Administrative Sciences, No. 16,p. 7-17.

39. Sheppard, M. (1995). Social work, social science and practice wisdom. British Journal ofSocial Work, 25: 265–94
40. Standardi i proceduri za postapuvawe na centrite za socijalna rabota (2014). Skopje : JU Zavod za socijalni dejnosti.
41. Stefanović, Ž. Petković, M. Kostić, Ž. (2000): Organizacija preduzeća – teorije, strukture, ponašanje, razvoj, Ekonomski fakultet Beograd, deseto izmenjeno izdanje
42. Stredwick, J., (2005): An Introduction to Human Resource Management. 2 nd edition, Published by Elsevier Ltd Oxford.
43. Torrington D., Hall L., & Taylor S., (2005): Human Resource Management. 6 th Edition, Pearson Education Limited, England.
44. Torrington, D., Hall, E. L., & Taylor, S. (2008). Human Resource Management, 7th Edition. London, U.K, : Prentice Hall.,
45. Trevithick, P. (2004) Social work skills a practice handbook. New York: Open University Press.,
46. Turner, F. (2011) Social Work Tretmans: Interlocking Theoretical Approaches. New York: Oxford University Press
47. Vemic Gjurkovic, J., Znacaj organizacione kulture za efikasnost upravljanja znanjem u preduzecu, Fakultet Poslovne ekonomije, Sremska Kamenica , http://www.famns.edu.rs/skup2/radovi_pdf/Vemic_Djurkovic.pdf
48. Vidanović, Ivan (2006), „Rečnik socijalnog rada“, Tiro-Erc, Beograd,
49. Viljoen, J., (1991), Strategic management: How to analise, choose and implement corporate strategies, Longman professional, Melbourne.
50. Vuic, V. (1991). Liberalni vrline i odgoj. Vo: Juric,V. Ed. Napredak br.2, HPKZ, Zagreb.
51. Богоевска Н., Борнарова С., Геровска-Митев М., (2019) Социјалната заштита во Македонија: регулатива и практика, Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија, Скопје.
52. Бојациоски Д., Ефтимов Љ, (2009) Менаџмент на Човечки Ресурси, Економски Факултет, Скопје.
53. Денкова Ј., (2015) Управување со човечките ресурси во јавната администрација, УГД, Штип.

54. Извештај за работата на Центрите за социјална работа во Република Македонија, https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2017/04/Izveshtaj-za-rabotata-na-CEntrite-za-socijalna-rabota-vo-R-M.pdf
55. Иниќ Б., Кукрика М. (2003):, Како бити конкурентан на глобалном тржишту: менаџмент знањем и интелектуалним капиталом, Факултет за трговину и банкарство „Јаниќије и Даница Кариќ“, Београд
56. Кулиќ З. (2003): Управљање људским ресурсима са организационим понашањем, Друго издање, Мегатренд, Београд
57. Матис, Л. Ц. (2010). Управување со Човечки ресурси, Скопје: Магор.
58. Митева Н., Митрева Е., (2017) Менаџмент на човечки ресурси, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Штип.
59. Мојсоски, В., (2001), Основи на менаџментот, Факултет за туризам и угостителство“ - Охрид, Охрид.
60. Петковски К., Стоилковска А. (2010) Менаџмент на човечки ресурси, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје.
61. Симоновска, С., Скаловски, Д. (2012) Етиката и родот, Филозофски факултет, Скопје,
62. Смилевски Ц. (1999): Предизвикот и мајсторството на организациските промени, Детра, Скопје, 1999
63. Смилевски, Ц. (2000). Предизвикот и мајсторството на организациските промени. Скопје: ДЕТРА
64. Спасовска С., (2013) Прирачника за социјални услуги за ранливите групи во локалните заедници, Министерство за труд и социјална политика, Скопје,
65. Фалмер, М., Р., (1994), Новиот Менаџмент, Институт Отворено Општество Македонија, Скопје.
66. Шуклев, Б., (1998), Менаџмент, Економски факултет - Скопје, второ издание, Скопје

ПРИЛОЗИ

Прилог1: Анкетен прашалник

Почитувани,

Овој анкетен прашалник е анонимен и се пополнува по Ваша лична желба. Се работи за истражување поставено во рамките на мојот магистерски труд. Добиените резултати ќе се користат исклучиво за доказ на поставените хипотези во трудот. Темата на истражување е *Улогата на менаџментот на човекови ресурси во функционирањето на јавната администрација, со посебен осврт на Центрите за социјална работа во пелагонискиот плански регион во Р.С. Македонија*.
Пред Вас се 34 тврдења на кои Вие треба да го заокружите одговорот кој е одраз на Вашето мислење. Можете да ја прецртате со Х буквата пред одговорот кој ќе го одберете или едноставно да ја заокружите. Понудени се следните одговори:

а) ДА
б) ДЕЛУМНО
в) НЕ

Ви благодарам за соработката!

Со почит,

Катерина Костовска

_____

Основни информации:

1.Изберете го вашиот пол:

- □ Машки
- □ Женски

2.Изберете ја вашата возраст:

- □ над 30 години
- □ 31 - 40 години
- □ 41 - 50 години
- □ 50 + години

3.Изберете го вашиот степен на образование:

- □ Средно образование
- □ Висока школска подготовка
- □ Високо образование
- □ Мастер студии
- □ Докторски студии

4.Изберете го вашиот работен стаж:

- □ 0-5 години
- □ 6-15 години
- □ 16-25 години
- □ 26 + години

	Реално спроведување на МЧР практики		
5.	МЧР во ЦСР реално ги спроведува менаџерските функции, како: планирање на човечките ресурси, организирање, насочување и контролирање.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
6.	МЧР во ЦСР реално ги спроведува оперативните функции, како: регрутирање и селекција, анализа и дизајн на работно место, проценка на успешност, обука и развој, администрација на надоместок и плата, благосостојба на вработените, одржување, работни односи, персонално истражување и евиденција.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
7.	МЧР во ЦСР реално ги спроведува советничките функции, како: совети за топ менаџментот и совети за раководители на оддели.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
	Стратешки цели на ЦСР		
8.	ЦСР успешно спроведува социјална превенција, социјални услуги и лиценцирање на стручен кадар во социјалната заштита.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
9.	ЦСР работи според правната и институционалната рамка на системот на социјална заштита во Република Северна Македонија.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
10.	Анализата на податоците за соработка на релевантните актери на локално ниво покажува недостаток на ефективни партнерства на стратешко и оперативно ниво.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
	Квалитет на услуги на ЦСР		
11.	МЧР ги насочува на вработените во ЦСР со цел да пружаат услуги на професионален начин.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
12.	МЧР инвестира во мотивирање на вработените за да станат рефлексивни стручни лица, тимски работници ориентирани кон обезбедување услуги на високо ниво.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
13.	МЧР води евиденција за работните перформанси на вработените.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
	Обука на човечките ресурси		
14.	Секој вработен во ЦСР добива обука која му е потребна за надградување на актуелните перформанси.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
15.	По враќање од обука вработените ги користат новите стекнати вештини во работата.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
16.	После обуката вработените имаат надградени таленти.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
	Успех во работни задачи и квалитет на услуги		

17.	Вработените во ЦСР имаат поголема продуктивност во работата.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
18.	Вработените во ЦСР ефикасно ги извршуваат своите работни задачи.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
19.	Менаџерите треба да покажат поголема почит кон постигнатите резултати на вработените за да се постигне поголема продуктивност во работата.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
	Развој на човечките ресурси		
20.	Високо талентираните поединци во ЦСР континуирано го градат кариерниот и професионалниот развој.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
21.	Развојот преку едукација и обуки, овозможува да ги применуваме своите лични силни страни и слабости за поефикасно да ги извршуваме своите работни задачи.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
22.	Менаџментот ни помага во усовршувањето на професионалниот развој.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
	Организациски цели на ЦСР		
23.	ЦСР обезбедува ефикасност, ефективност и квалитет на услугите.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
24.	Постои потреба од креирање на локални социјални политики и поактивна вклученост на општините во стратешко планирање на активностите од социјална заштита на локално ниво.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
25.	Разбирањето на важноста на меѓународната соработка помага кон идентификување на проблемите во институцијата.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
	Регрутирање на човечките ресурси		
26.	Човечките ресурси се регрутираат според потребната стручност и професионалност.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
27.	Во ЦСР се ангажираат стручни работници според нивните образовни и работни компетенции.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
28.	Потребна е реорганизација на работните места во ЦСР.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
	Селекција на човечките ресурси		
29.	Селекционите напори треба да бидат директно поврзани со стратешките цели на организацијата.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
30.	Со успешно изведена селекција се вработува кандидат кој ефикасно и одговорно ќе ги извршува сите задачи во согласност со критериумите и правилата утврдени од самата институција.		

	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
31.	Тестирањето како метод на евалуација и оценување има за цел попрецизно да ја одреди способноста на кандидатот да ги задоволи барањата на одредени работни места и на тој начин да обезбеди соодветен професионален избор на вработените.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
	Успех и задоволство на работното место		
32.	Одржувањето на бројот, квалитетот и задоволството на јавните службеници е постојана и главна функција на МЧР во ЦСР.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
33.	Доколку се зголемат платите ќе се постигне поголема продуктивност во работата, а вработените ќе бидат мотивирани за нови цели и успеси.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ
34.	Потребно е да се подобрат меѓучовечките односи меѓу вработените во организацијата.		
	а) ДА	б) ДЕЛУМНО	в) НЕ

Прилог2: Табеларен приказ на добиените резултати

Табела бр. 1 - Добиени одговори

Исказ	3-ДА	2-ДЕЛУМНО	1-НЕ	ВКУПНО
5.	34	12	4	50
6.	30	15	5	50
7.	35	11	4	50
8.	25	18	7	50
9.	36	12	2	50
10.	26	13	11	50
11.	33	10	7	50
12.	24	17	9	50
13.	17	20	13	50
14.	28	19	3	50
15.	28	12	10	50
16.	30	15	5	50
17.	31	13	6	50
18.	23	18	9	50
19.	19	20	11	50
20.	15	20	15	50
21.	25	19	6	50
22.	38	6	6	50
23.	22	20	8	50
24.	39	10	1	50
25.	23	17	10	50
26.	29	15	6	50
27.	27	20	3	50
28.	22	12	16	50
29.	24	21	5	50
30.	20	18	12	50
31.	35	11	4	50
32.	31	13	6	50
33.	19	20	11	50
34.	23	18	9	50

Табела бр. 2 – Пресметани бодови

Исказ	**3-ДА**	**2-ДЕЛУМНО**	**1-НЕ**	**∑ бодови**	**∑/N**
	X 3 Бода	**X 2 Бода**	**X 1 Бод**	**∑**	**∑/50**
5.	102	24	4	130	2.6
6.	90	30	5	125	2.5
7.	105	22	4	131	2.62
8.	75	36	7	108	2.16
9.	108	24	2	134	2.68
10.	78	26	11	115	2.3
11.	99	20	7	126	2.52
12.	72	34	9	115	2.3
13.	51	40	13	104	2.08
14.	84	38	3	125	2.5
15.	84	24	10	118	2.36
16.	90	30	5	125	2.5
17.	93	26	6	125	2.5
18.	69	36	9	114	2.28
19.	57	40	11	108	2.16
20.	45	40	15	100	2
21.	75	38	6	119	2.38
22.	114	12	6	132	2.64
23.	66	40	8	114	2.28
24.	117	20	1	138	2.76
25.	69	34	10	113	2.26
26.	87	30	6	123	2.46
27.	81	40	3	124	2.48
28.	66	24	16	106	2.12
29.	72	42	5	119	2.38
30.	60	36	12	108	2.16
31.	105	22	4	131	2.62
32.	93	26	6	125	2.5
33.	57	40	11	108	2.16
34.	69	36	9	114	2.28
				∑	**71.54**
				∑ / 30	**2.38**

Прилог3: Пресметки на варијабли

Табела бр. 3 - ***Реално спроведување на МЧР практики***

Пресметани бодови по индикатор					
Прашање/одговор	**1-ДА**	**2-ДЕЛУМНО**	**3-НЕ**	**∑ бодови**	**∑ / Н**
	Х 3 Бода	**Х 2 Бода**	**Х 1 Бод**	**∑**	**∑ /50**
5.	102	24	4	130	2.6
6.	90	30	5	125	2.5
7.	105	22	4	131	2.62
ВАРИЈАБЛА - *Реално спроведување на МЧР практики*					**2.57**

Табела бр. 4 - ***Стратешки цели на ЦСР***

Пресметани бодови по индикатор					
Прашање/одговор	**1-ДА**	**2-ДЕЛУМНО**	**3-НЕ**	**∑ бодови**	**∑ / Н**
	Х 3 Бода	**Х 2 Бода**	**Х 1 Бод**	**∑**	**∑ /50**
8.	75	36	7	108	2.16
9.	108	24	2	134	2.68
10.	78	26	11	115	2.3
ВАРИЈАБЛА - *Стратешки цели на ЦСР*					**2.38**

Табела бр. 5 - ***Квалитет на услуги на ЦСР***

Пресметани бодови по индикатор					
Прашање/одговор	**1-ДА**	**2-ДЕЛУМНО**	**3-НЕ**	**∑ бодови**	**∑ / Н**
	Х 3 Бода	**Х 2 Бода**	**Х 1 Бод**	**∑**	**∑ /50**
11.	99	20	7	126	2.52
12.	72	34	9	115	2.3
13.	51	40	13	104	2.08
ВАРИЈАБЛА - *Квалитет на услуги на ЦСР*					**2.3**

Табела бр. 6 - ***Обука на човечките ресурси***

Пресметани бодови по индикатор					
Прашање/одговор	**1-ДА**	**2-ДЕЛУМНО**	**3-НЕ**	**∑ бодови**	**∑ / Н**
	Х 3 Бода	**Х 2 Бода**	**Х 1 Бод**	**∑**	**∑ /50**
14.	84	38	3	125	2.5
15.	84	24	10	118	2.36
16.	90	30	5	125	2.5
ВАРИЈАБЛА - *Обука на човечките ресурси*					**2.45**

Табела бр. 7 - ***Успех во работни задачи и квалитет на услуги***

Пресметани бодови по индикатор					
Прашање/одговор	**1-ДА**	**2-ДЕЛУМНО**	**3-НЕ**	**∑ бодови**	**∑ / Н**
	Х 3 Бода	**Х 2 Бода**	**Х 1 Бод**	**∑**	**∑ /50**
17.	93	26	6	125	2.5
18.	69	36	9	114	2.28
19.	57	40	11	108	2.16
ВАРИЈАБЛА - *Успех во работни задачи и квалитет на услуги*					**2.31**

Табела бр. 8 - ***Развој на човечките ресурси***

Пресметани бодови по индикатор					
Прашање/одговор	**1-ДА**	**2-ДЕЛУМНО**	**3-НЕ**	**∑ бодови**	**∑ / Н**
	Х 3 Бода	**Х 2 Бода**	**Х 1 Бод**	**∑**	**∑ /50**
20.	45	40	15	100	2
21.	75	38	6	119	2.38
22.	114	12	6	132	2.64
ВАРИЈАБЛА - *Развој на човечките ресурси*					**2.34**

Табела бр. 9 - ***Организациски цели на ЦСР***

Пресметани бодови по индикатор					
Прашање/одговор	**1-ДА**	**2-ДЕЛУМНО**	**3-НЕ**	**∑ бодови**	**∑ / Н**
	Х 3 Бода	**Х 2 Бода**	**Х 1 Бод**	**∑**	**∑ /50**
23.	66	40	8	114	2.28
24.	117	20	1	138	2.76
25.	69	34	10	113	2.26
ВАРИЈАБЛА - *Организациски цели на ЦСР*					**2.43**

Табела бр. 10 - ***Регрутирање на човечките ресурси***

Пресметани бодови по индикатор					
Прашање/одговор	**1-ДА**	**2-ДЕЛУМНО**	**3-НЕ**	**∑ бодови**	**∑ / Н**
	Х 3 Бода	**Х 2 Бода**	**Х 1 Бод**	**∑**	**∑ /50**
26.	87	30	6	123	2.46
27.	81	40	3	124	2.48
28.	66	24	16	106	2.12
ВАРИЈАБЛА - *Регрутирање на човечките ресурси*					**2.35**

Табела бр. 11 - ***Селекција на човечките ресурси***

Пресметани бодови по индикатор					
Прашање/одговор	**1-ДА**	**2-ДЕЛУМНО**	**3-НЕ**	**∑ бодови**	**∑ / Н**
	Х 3 Бода	**Х 2 Бода**	**Х 1 Бод**	**∑**	**∑ /50**
29.	72	42	5	119	2.38
30.	60	36	12	108	2.16
31.	105	22	4	131	2.62
ВАРИЈАБЛА - *Селекција на човечките ресурси*					**2.38**

Табела бр. 12 - ***Успех и задоволство на работното место***

Пресметани бодови по индикатор					
Прашање/одговор	**1-ДА**	**2-ДЕЛУМНО**	**3-НЕ**	**∑ бодови**	**∑ / Н**
	Х 3 Бода	**Х 2 Бода**	**Х 1 Бод**	**∑**	**∑ /50**
32.	93	26	6	125	2.5
33.	57	40	11	108	2.16
34.	69	36	9	114	2.28
ВАРИЈАБЛА - *Успех и задоволство на работното место*					**2.31**